МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА

# ШТИТ

Број 201
Јули 2026



ISSN 1857-6710

Министерот за одбрана Владо Мисајловски на состанок на Северноатлантскиот совет во Брисел

Одбележан Денот на Воената академија

Хеликоптерот „AW149“ од компанијата „ЛЕОНАРДО“



# Одбележан Денот на Воената служба за безбедност и разузнавање

„Ние сме невидливиот штит на Армијата и Републиката, но нашата посветеност е апсолутна“ – со овие зборови започна свеченоста по повод Денот на Воената служба за безбедност и разузнавање. Беа одбележани 82 години од почетоците на воената разузнавачка и контраразузнавачка дејност, како и 34 години од постоењето на Воената служба за безбедност и разузнавање.

Прославата започна со изведба на македонската химна од Андријана Јаневска, по што беше прикажан документарен филм кој ги врати присутните низ времето – од првите чекори на воено разузнавање, па сè до денешните современи безбедносни предизвици, невидливи битки и историски пресврти. Филмот го прикажа патот на службата и нејзините припадници, кои го жртвувале сопствениот идентитет за да го зачуваат идентитетот на нацијата. Низ вековите, македонскиот борец не се потпирал само на оружјето, туку и на својот ум. Првите почетоци на воено разузнавање се појавиле уште за време на Смилевскиот конгрес и Илинденското востание, кога биле формирани стратешки центри каде што се носеле одлуки и се собирале информации од сите страни. Токму таму никнала стратешката интелигенција на македонските борци. Иако немале современо оружје, тие го имале најсовршениот ресурс – човечката мрежа. Секој селанец бил „очи“, секој занаетчија „уши“, а секој курир – „нервниот систем“ на Револуцијата. Тајната пошта претставувала прв систем на криптирана комуникација.

Искуството од комитските чети подоцна масовно се пренесувало во партизанските одреди и бригади. Македонските партизани брзо сфатиле дека информацијата е моќ. Низ цела Македонија делувале тајни служби против фашистичкиот окупатор. Тоа биле првите темели на денешното воено разузнавање.

На ослободените територии функционирале безбедносни одделенија кои ја неутрализирале работата на окупаторските служби. Тие претставуваат почеток на современото контраразузнавање и безбедност.

Во 1991 година се роди нова историска зора и потребата да се заштитат суверенитетот и територијалниот интегритет на државата. Искуството од комитските и партизанските структури се пренесуваше и се развиваше заедно со Армијата, а службата растеше во центарот на нејзината моќ.

Интеграцијата во НАТО го постави воено разузнавање на стратешко ниво, каде што се прибираат и споделуваат информации со најмоќните сојузници.

„Нè има и ќе нè има насекаде“ – беше пораката испратена на свеченоста. Со заедничка работа со стратешките партнери, континуирана обука и постојано усовршување, македонското воено разузнавање денес е дел од најмоќните информативни системи во светот.



Современиот свет носи нови закани, а безбедносното разузнавање сè повеќе се потпира на најсовремена технологија, размена на податоци во реално време, сајбер-одбрана и борба против невидливите закани и тероризмот.

Концертот започна со композицијата „Ваташа", а заврши со „Заветна". Салата беше исполнета со емоции, патриотизам и силна почит кон македонската традиција. Со својот моќен вокал и внимателно избрани композиции, Андријана Јаневска им приреди на присутните вистинско музичко патување низ македонската историја и душа. Публиката со внимание ја следеше секоја изведба, а во салата се чувствуваше гордост, тишина и почит кон сите генерации кои ја граделе и бранеле државата."

На свеченоста се обрати и заменик-министерот за одбрана, Адмир Шабани, кој истакна: „Работата на професионалците во овој Директорат најчесто останува надвор од очите на јавноста, но нејзиното значење е огромно. Во време на сложени безбедносни предизвици, токму нивната подготвеност, аналитичност и способност навремено да ги препознаат ризиците претставуваат важен столб во заштитата на државните интереси и стабилноста на државата." Директорот на Директоратот за безбедност и разузнавање, полковник Игор Јанкуловски, во своето обраќање нагласи: „Нашата задача не е да реагираме само кога заканите веќе ќе се појават, туку да делуваме проактивно и превентивно, со координација, подготвеност и постојано унапредување на капацитетите. Безбедноста на државата и сигурноста на граѓаните зависат од нашата посветеност, професионалност и способност да носиме одлуки во вистинскиот момент. Затоа денес, повеќе од кога било, потребни се единство, одговорност и јасна визија." На свеченоста уште присуствуваа и началникот на Генералштабот, генерал-мајор Сашко Лафчиски, високи претставници од министерството и генерали од Армијата, претставници од Агенцијата за разузнавање, Агенцијата за национална безбедност, Оперативно техничката агенција од Министерството за внатрешни работи како и од воено дипломатскиот кор. ■



Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Главен и одговорен уредник
м-р Трајче Чатмов



Редакција:

Умит Реџепи
(технички уредник)





м-р Ксенија Митева (лектор)



Борче Лозановски (новинар)



Станка Петкова (новинар)

Печати:
„Фокус Принт Дооел“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит



16



20

# содржина

ШТИТ | година XVIII | број 201 | јули 2026

Инфо
**Мисајловски на саемот за одбрана и безбедност „EUROSATORY 2026“** 6

Глобал
**Револуција во развојот на воената индустрија на Турција......................** 14

Геополитика
**Хормуз: енергетската артерија на глобалната безбедност..................** 16

Воена едукација
**Милграмов експеримент Помеѓу овластувањето и одговорноста.......................................** 20

Безбедност
**НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК НА САД, 4 ЈУЛИ – Симбол на американската државност...........................................** 22

Вооружување
**Хеликоптерот „AW149“ од компанијата „ЛЕОНАРДО“.................................** 26

Вооружување
**„Fuchs JAGM“ (Joint Air-to-Ground Missile), новата германска сила за лов на тенкови....................................................** 32

Вооружување
**Снајперска пушка „L96A1“ ...............................................** 36

Воена историја
**Битката кај Беласица Почетокот на крајот на Самуиловото Царство.......................** 40

Психологија
**Што предизвикува постојаниот прилив на информации....................** 48

Спорт
**Стрелецот мора да остане „тивок“ во себе под притисок..........................................** 54

Филм
**„The Tank“ (2025)............................** 58



36



44

КОН ОВОЈ БРОЈ

## ВОВЕД

ПИШУВА:

**м-р Трајче Чатмов**
Главен и одговорен уредник

*Во период исполнет со значајни дипломатски и одбранбени активности, министерот за одбрана Владо Мисајловски продолжи активно да ја зацврстува меѓународната позиција на Македонија со цел развивање на националните одбранбени капацитети. Во ова издание посебно внимание посветуваме на учеството на министерот за одбрана Владо Мисајловски на престижниот меѓународен саем за одбрана и безбедност во Франција, каде што беа презентирани најновите технолошки достигнувања во одбранбената индустрија и беа остварени бројни средби насочени кон продлабочување на соработката со партнерските земји и компании од областа на безбедноста и одбраната. Значајно место зазема и учеството на делегацијата на Македонија, предводена од министерот Мисајловски, на состанокот на Северноатлантскиот совет во Брисел, на кој беа разгледани актуелните безбедносни предизвици и идните насоки на Алијансата. Средбата уште еднаш ја потврди посветеноста на нашата држава кон заедничките вредности, колективната безбедност и активниот придонес во рамките на НАТО. Во духот на традицијата и професионалниот развој, страниците на ова издание ги посветуваме и на свеченото одбележување на Денот на Воздухопловниот ВИНГ и Денот на Воената академија. И двата настана претставуваат потсетник за значењето на воздухопловната компонента во одбранбениот систем и за клучната улога на Воената академија во создавањето генерации офицери, лидери и стручни кадри кои го носат товарот на идниот развој на Армијата. На крајот од ова издание, на читателите им го препорачуваме текстот на професорката Ачкова, посветен на Кресненското востание – еден од најзначајните настани во македонската револуционерна историја. Низ научен и аргументиран пристап, авторката ги осветлува историските околности, значењето и наследството на востанието, потсетувајќи нè дека слободољубивите стремежи и жртвите на претходните генерации остануваат трајна инспирација и обврска за сегашноста и иднината. Веруваме дека содржините во ова издание ќе придонесат за подобро разбирање на современите безбедносни процеси, улогата на Армијата во нив и значењето на историското паметење во градењето на националната свест и државната одговорност.* ■


Издавачки совет
Марија Рашковска-Стефановиќ
(Претседател)

полк. Дарко Стерјовски
(Заменик-претседател)

Членови:
– Иван Петрушевски
– Душко Аврамовски
– Виолета Костадинова
– Трајан Цековски
– Билјана Иванова
– Трајче Чатмов
– Анита Ѓонеска
– Марија Тренчиќ-Костески



„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит



Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.


ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

trajce.catmov@mod.gov.mk

borce.lozanovski@mod.gov.mk

stanka.petkova@mod.gov.mk

# Мисајловски на саемот за одбрана и безбедност „EUROSATORY 2026“

Министерот за одбрана Владо Мисајловски присуствуваше на отворањето на меѓународниот Саем за одбрана и безбедност „EUROSATORY 2026“, кое се одржа во Париз (Франција). Министерот Мисајловски оствари средба и со Елен Конвеј-Муре, потпретседателка на Комитетот за надворешни работи, одбрана и вооружени сили во францускиот Сенат. На средбата со сенаторката Конвеј-Муре, министерот Мисајловски се осврна на инвестициите во Армијата, видливи преку стабилното зголемување на средствата наменети за одбрана, кои оваа година достигнаа 2,18 % од бруто-домашниот производ, од кои 32,5 % се наменети за набавка на нова и софистицирана опрема за македонската Армија. „Македонската Влада силно инвестира во зацврстувањето на одбраната и безбедноста на земјата, а со тоа и на колективната одбрана на Алијансата. Со зголемувањето на одбранбениот буџет и набавката на нова, модерна и софистицирана опрема, вклучително и системите за противвоздушна одбрана „Мистрал 3“ од Француската Република, несомнено придонесуваме кон посилно НАТО и побезбедни граѓани“, рече министерот. Дополнително, Мисајловски нагласи дека потенцијалот за развој на одбранбената соработка со Франција е навистина голем, особено во контекст на заедничките обуки и вежби, како и размената на експертиза во доменот на одбраната. На „EUROSATORY 2026“, македонската делегација одблиску се запозна со новите достигнувања на полето на воената технологија, што е од исклучителна важност имајќи го предвид активниот процес на модернизација и опремување на Армијата. ■



# Македонската армија се развива со засилено темпо

„Силно сме посветени на развојот на националните одбранбени капацитети, кои се составен дел од колективната одбрана на Алијансата. Тоа е евидентно преку инвестициите во одбраната, но и преку процесот на модернизација и опремување, кој е видлив со секој изминат ден“, потенцираше министерот за одбрана Владо Мисајловски на денешниот одржаниот состанок на Северноатлантскиот совет во седиштето на НАТО во Брисел.

Министерот Мисајловски истакна дека државата одвојува рекордни средства за одбраната, кои се инвестираат ефикасно и ефективно во процесот на опремување и модернизација, со цел исполнување на НАТО-целите на способности, согласно предвидената динамика.

На маргините на состанокот, министерот Мисајловски разговараше со повеќето колеги, а имаше и средба со грчкиот министер за национална одбрана Николаос Дендиас, на која се разговараше за заедничката стратешка определба, мирен и стабилен регион и силна колективна одбрана.

На средбата беше истакната отворената, непосредна и искрена комуникација, која придонесува за континуиран раст на одбранбената соработка, за што е потврда меѓусебната посветеност и значајната реализација на годишниот план за одбранбена соработка.

Мисајловски на средбата додаде дека со инвестициите кои во моментов се прават во одбраната и безбедноста, како и со силното инвестирање во транспортната мрежа на коридорите 8 и 10, се овозможува поцврста одбрана и поголема безбедност за граѓаните на двете земји. ■





# Македонската армија – домаќин на Втората конференција за заедничка обука за „Страјкер“

Во Домот на Армијата во Скопје се одржа Втората конференција за заедничка обука за оклопните борбени возила „Страјкер“.

На конференцијата учествуваа претставници од Соединетите Американски Држави (Националната гарда на Вашингтон, Армијата на САД за Европа и Африка, 7. Армиска команда за обука и 2. Коњички полк), претставници од Република Бугарија, Американската воена група во Република Северна Македонија и Канцеларијата на одбранбеното аташе на САД.

Конференцијата ја отвори директорот на Генералштабот на Армијата, бригаден генерал Орце Јордев, кој ја истакна посветеноста на Армијата во развојот на способностите поврзани со употребата на возилата „Страјкер“ и нејзината улога како кредибилен НАТО-сојузник.

Во текот на работните сесии беа разгледани националните програми за обука, можностите за унапредување на заедничката рамка за обука, предизвиците поврзани со одржувањето и одржливоста на системите, како и оперативните искуства од употребата на возилата „Страјкер“. По завршувањето на конференцијата беа усвоени и потпишани заедничките заклучоци, со кои се утврдени насоките за идната соработка и заедничките активности во областа на обуката, одржувањето и развојот на способностите поврзани со „Страјкер“.

Во рамки на конференцијата, началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, оствари средба со бригадниот генерал Пол Селерс од Националната гарда на државата Вашингтон, на која беше потврдена заедничката заложба за понатамошно унапредување на билатералната воена соработка, размена на професионални искуства и развој на способностите за употреба и одржување на возилата „Страјкер“.

Одржувањето на оваа конференција претставува значаен придонес кон зајакнувањето на интероперабилноста меѓу сојузниците, размената на експертиза и развојот на заедничките способности во рамките на НАТО. ■





# Одбележан Денот на воздухопловниот ВИНГ

Во касарната „Страшо Пинџур" во Петровец, воздухопловниот ВИНГ го одбележа Денот на единицата, ден кој симболично го одбележува првиот воен лет во историјата на Армијата во 1992 година и кој денес претставува институционален белег на воеdebug воздухопловство на Армијата.
На свеченоста присуствуваа: началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменик-министерот за одбрана Адмир Шабани, заменикот на началникот на Генералштабот, генерал-мајор Азим Нуредин, командантот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, претставници на Министерството за одбрана, Генералштабот на Армијата и Командата за операции, поранешни команданти на воздухопловниот ВИНГ, претставници на дипломатскиот и воено-дипломатскиот кор, локалната самоуправа, како и бројни гости и соработници на единицата.
Командантот на Командата за операции, бригаден генерал Мирче Ѓоргоски, во своето обраќање им го честиташе денот на единицата на припадниците на воздухопловниот ВИНГ, истакнувајќи: „Благодарение на вашата посветеност, воздухопловниот ВИНГ денес претставува клучен капацитет на Армијата и исклучително значаен чинител во системот на националната и колективната безбедност".
Во своето обраќање, командантот на воздухопловниот ВИНГ, полковник Драган Павловски, се осврна на постигнатите резултати и развојот на единицата во изминатиот период,



истакнувајќи дека воздухопловниот ВИНГ останува цврсто посветен на унапредувањето на своите способности, исполнувањето на националните и сојузничките обврски и развојот на персоналот како најважен ресурс на единицата. Тој нагласи дека за успешна реализација на досегашните и идните проекти и иницијативи очекува поддршка од секој офицер, подофицер, војник и цивилно лице, во насока на исполнување на преземените обврски и постигнување понатамошни успеси во развојот на воената воздухопловство на Армијата.

Во рамките на свеченоста беа врачени признанија и стимулативни мерки на припадниците кои со својата работа, резултати и професионален однос се издвоиле во извршувањето на задачите и дале значаен придонес во функционирањето и развојот на единицата.

Програмата беше дополнета со прелет на воздухопловите од составот на воздухопловниот ВИНГ, како и со прелет на воздухоплови Ф-16 од Военото воздухопловство на Република Грција и воздухоплови „Eurofighter Typhoon" од Република Италија, реализиран во рамките на редовните активности за воздушно патролирање во регионот.

Во рамките на свеченоста беше реализирано и церемонијално предавање на првото борбено знаме на Баталјонот за воздушно набљудување и јавување, при што началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, му го предаде военото знаме на командантот на баталјонот. Овој чин претставува симбол на довербата, одговорноста и посветеноста во извршувањето на мисијата, како и потврда за значењето на единицата во рамките на системот за командување, контрола и воздухопловна поддршка.

Во деновите пред одбележувањето на Денот на единицата беа реализирани повеќе спортски, хуманитарни и комеморативни активности. Припадниците на воздухопловниот ВИНГ организираа крводарителска и хуманитарна акција, спортски натпревари и положија свежо цвеќе во чест на трагично загинатите припадници на единицата, оддавајќи почит кон нивната служба, пожртвуваност и придонес во развојот на военото воздухопловство. ■







## Меѓународно признание за командантот на ВИНГ од Воздухопловниот универзитет на САД

Воздухопловниот универзитет на САД, со седиште во воздухопловната база Максвел во Алабама, со високи почести им оддава признание на своите поранешни студенти кои се промовирани и унапредени на највисоките воени лидерски позиции во воените воздухопловства во нивните матични земји.Во име на Воздухопловниот ВИНГ (македонско воено воздухопловство) признанието го доби командантот на ВИНГ, полковник Драган Павловски, како воен лидер за неговата посветеност на завршената специјализација во САД, истакнатата кариера и придонесот кон глобалната воздухопловна моќ.Ова високо признание вое086то воздухопловство на САД го доделува преку началникот на Генералштабот на Военото воздухопловство на САД, генерал Kenneth S. Wilsbach (генералот воедно е главен советник на секретарот на воздухопловните сили за прашања што се однесуваат на воздухопловната моќ, односно советник за националната безбедност на секретарот за одбрана и претседателот на САД во делот на воздушните безбедносни прашања).Ова истакнато признание е доделено по повод одржувањето на свеченоста за одбележување на Денот на военото воздухопловство, на одбранбеното аташе на САД, полковник Даниел Скваерс, акредитиран во Република Северна Македонија. ■



# Реализирани активности од областа на обуката и меѓународната соработка

Во чест на прерано починатиот д-р Тони Петрески, активист и поддржувач на ОРОРСМ, се реализира меморијален марш, кој е традиционален и се организира секоја година.

Пред почетокот на активноста, повеќечлена делегација го посети вечното почивалиште на Тони Петрески и положи свежо цвеќе.

Маршот се реализира на правецот: Могила на непобедените – Музеј за тутун – манастир „Свети Димитрија“ во село Селце.

Согласно Програмата за работа и Програмата за обука на Организацијата на резервни офицери и подофицери, се реализира петтата практична активност за 2026 година, воедно и второто од планираните гаѓања со пешадиско оружје – подготвително гаѓање број 1 со АП 7,62 мм, М-70. Раководителот на гаѓањето, капетан Дејан Михајлоски, и неговиот помошник, потпоручник Алберт Неџипи, одржаа теоретска подготовка во касарната „Чеде Филиповски-Даме“ и дадоа насоки за успешно и безбедно извршување на гаѓањето.

На стрелиштето, капетанот Дејан Михајлоски ги запозна присутните со мерките за безбедност, дејствијата и однесувањето на појдовната и на огнената линија. Водниците Небојша Трајкоски и Ненад Петрески презентираа за тактичко-техничките карактеристики на АП 7,62 мм и извршија дополнителна обука за десетина учесници на гаѓањето кои тоа го побараа, со цел да се потсетат, бидејќи подолг период немале ракувано со АП 7,62 мм.

Во Витербо, Италија, се одржа состанок на ГАМИНГЕР иницијативата (GAMINGER Initiative Europe – GIE) на тема: „Европската одбрана – нов предизвик за резервните сили“. На состанокот, покрај делегациите на резервните офицери од Албанија, Хрватска, Германија, Италија, Унгарија, Молдавија, Романија, Чешка, Словенија и Словачка, присуствуваше и трочлена делегација на Организацијата на резервни офицери на Република Македонија, составена од претседателот Драгољуб Столески, Оливер Митевски и Александар Крајчев. Како почесен гостин на состанокот беше поканет и претставник на резервните морнарички и крајбрежни сили на Соединетите Американски Држави.

Со учеството на овој состанок, ОРОРСМ уште еднаш ја потврди својата определба за активно вклучување во меѓународните активности. ■



Пишува: Тони Мицевски




# Одбележан Денот на Воената академија

Со свеченост која се одржа во касарната „Гоце Делчев“ во Скопје беше одбележан Денот на Воената академија „Генерал Михаило Апостолски“ – институција која повеќе од три децении создава кадар што со знаење, чест и професионалност придонесува за безбедноста и стабилноста на нашата држава.

По тој повод, пред присутните гости свое обраќање имаше министерот за одбрана Владо Мисајловски, кој, упатувајќи искрени честитки до сите питомци, кадети, офицери и вработени во институцијата, рече:

„Ова е ден кога им оддаваме признание на генерациите питомци кои своето образование го минале токму тука, на офицерите и професорите кои со својата работа, знаење и посветеност ја граделе и ја унапредувале Воената академија како еден од најзначајните столбови на македонскиот одбранбен систем“.

Дополнително, Мисајловски истакна дека во изминатите две години на Академијата се реализирани значајни проекти кои се инвестиција во идните генерации офицери и дека во идниот период ќе се продолжи со инвестирање во современо образование, преку реновирање на објекти, изградба на Воен музеј и воспоставување лабораторија за напредни информациски технологии.

Тој додаде дека Воената академија е препознаена и надвор од границите на државата и дека знаењето создадено на Академијата е почитувано во рамките на НАТО и меѓународната академска заедница.

На настанот говореше и деканот на Воената академија, полковник Ненад Танески, кој подвлече дека Воената академија претставува единствена високообразовна научна институција која во својата организациска и функционална поставеност зазема посебно место во националниот образовен и одбранбен систем. Тој посочи дека Академијата активно работи на унапредување на военото образование и на реализација на повеќе значајни развојни проекти, за кои има силна поддршка од Министерството и министерот Мисајловски.

Во рамките на свеченото одбележување и во чест на патронот на Академијата, беше отворена и спомен-собата на генералот Михаило Апостолски, посветена на неговиот живот, дело и значајниот придонес во развојот на македонската воена историја и воена мисла. Дополнително, во знак на признание за особени заслуги во развојот и афирмацијата на Академијата беа доделени плакети и признанија.

На свеченоста присуствуваа и началникот на Генералштабот на Армијата, генерал-мајор Сашко Лафчиски, заменик-министерот Адмир Шабани, гости од воено-дипломатскиот кор, од Армијата и Министерството за одбрана. ■



# Искористување на моќта на регионалните одбранбени иницијативи



## Ревитализација на Вишеградската група (В4) – можен влијателен политички фактор во ЕУ



Пишува: Габријела Ѓорѓевиќ

Вишеградската група, која ја сочинуваат Полска, Унгарија, Словачка и Чешка, е формирана на 15 февруари 1991 година во градот Вишеград, по кој и го добила своето име, а по падот на комунизмот со цел координација на напорите за европска и евроатлантска интеграција. По распадот на Чехословачка во 1993 година, Чешка и Словачка продолжија како одделни членки, со што иницијативата доби форма позната како „В4“.

Првичната цел на иницијативата била надминување на комунистичкото наследство, зајакнување на демократските процеси и интеграција на државите во евроатлантските структури, пред сè во НАТО и Европската Унија. Иако нема формална институционална структура, постојано седиште или парламент, В4 функционира преку редовни самити, министерски состаноци и координација на политиките меѓу земјите членки. Претседавањето со групата ротира еднаш годишно меѓу четирите држави. Од 1 јули 2026 година, Словачка ќе претседава со иницијативата (во моментов Унгарија).

Со влезот во ЕУ во 2004 година, групата успеа да изгради значително политичко влијание, особено за време на миграциската криза во 2015 година, кога настапуваше со заеднички ставови. Главните цели на В4 се политичка координација, економска соработка, безбедност и регионална стабилност. Во рамките на Европската Унија, земјите од В4 често настапуваат со усогласени ставови по прашања како миграцијата, енергетската безбедност, буџетските политики на ЕУ, заштитата на националниот суверенитет и проширувањето на Унијата кон Западен Балкан.

Во областа на безбедноста и одбраната, В4 има значајна улога преку заеднички воени вежби, соработка во сајбер-безбедноста, модернизација на вооружените сили и развој на одбранбената индустрија. Еден од позначајните проекти беше формирањето на V4 EU Battlegroup – борбена група на Европската Унија составена од припадници на армиите на В4.

Економски, В4 претставува значаен регионален блок со силно развиена индустриска база, особено во автомобилската, машинската, ИТ и одбранбената индустрија. Земјите се длабоко интегрирани во европските производствени синџири и претставуваат важна дестинација за странски инвестиции. Со вкупно околу 64 милиони жители, В4 има значајна економска и демографска тежина во Европа.

Особено важен инструмент на соработката е „International Visegrad Fund“, кој финансира бројни образовни, научни, културни и младински проекти. Преку овој фонд се доделуваат стипендии, грантови за истражување и поддршка за невладини организации, а во многу програми се вклучени и држави од Западен Балкан, вклучително и Македонија.
„В4“ традиционално го поддржува проширувањето на Европската Унија кон Западен Балкан и често обезбедува политичка и експертска поддршка за земјите кандидати. За нашата држава, соработката со В4 е значајна во делот на евроинтеграциите, одбранбената соработка, воеността образование и регионалната безбедност.
Сериозен удар врз единството на групата претставуваше руската инвазија врз Украина во 2022 година. Додека Полска, Чешка и Словачка заздоа цврсти проукраински позиции, тогашниот унгарски премиер Виктор Орбан остана најблискиот партнер на Москва во рамките на ЕУ. Тоа доведе до сериозни несогласувања, особено меѓу Будимпешта и Варшава, поради што В4 практично престана да функционира како кохезивен политички блок.
Победата на Петар Маѓар, новиот премиер на Унгарија, неодамна означи обид за нов почеток. Неговата прва официјална посета надвор од земјата беше токму во Полска, каде што оствари средба со полскиот премиер Доналд Туск. Средбата претставува важен чекор кон обновување на стратешкото партнерство меѓу двете држави и враќање на В4 како релевантен фактор во европските политики. По повеќегодишниот застој предизвикан од разликите во ставовите кон Русија и војната во Украина за време на владеењето на Орбан, новото унгарско раководство настојува да ја реафирмира соработката во Централна Европа преку прагматичен пристап фокусиран на заеднички интереси, особено во областите на енергетската безбедност, инфраструктурното поврзување и координацијата во рамките на Европската Унија. Во таа насока, Петар Маѓар ја изрази подготвеноста за обновување на активностите на В4 и најави можност за одржување самит во Будимпешта во текот на јуни. Според заклучоците од средбата Маѓар/Туск, обновената В4 веројатно нема да функционира на ист начин како во минатото. Наместо да настојува да усогласува ставови за сите политички прашања, новиот пристап ќе биде попрагматичен и ќе се заснова на соработка во области каде што постојат заеднички интереси. Главен фокус би можеле да бидат инфраструктурните проекти, особено прекуграничните железнички врски и намалувањето на енергетската зависност од Русија, како и координацијата околу прашањата поврзани со нуклеарната енергија, европската зелена политика и претстојните преговори за долгорочниот буџет на Европската Унија.
Дополнително, иницијативата на Маѓар предвидува и можно проширување на форматот В4 преку соработка со други држави од Централна Европа и Западен Балкан. Како потенцијални партнери се споменуваат Австрија, Хрватска, Словенија и Романија, како и државите од Западен Балкан кои сè уште не се членки на ЕУ, но се споменуваат и земјите од Скандинавија, како и Франција и Германија како ad hoc партнери, во зависност од областа на можна соработка. Ваквиот пристап укажува на амбиција за создавање поширока регионална платформа која би можела да има поголема тежина во процесите на донесување одлуки во Брисел и да придонесе за зајакнување на улогата на Централна Европа во европската политика.
И покрај позитивните сигнали, остануваат и одредени предизвици. Разликите во однос на Русија и Украина нема лесно да исчезнат, а



одредени билатерални прашања, како историските несогласувања меѓу Унгарија и Словачка, повремено повторно се актуализираат. Поради тоа, се очекува В4 да се концентрира на теми каде што постои консензус, додека чувствителните политички прашања ќе се избегнуваат.
Од перспектива на Македонија, овој развој може да биде значаен бидејќи новото унгарско раководство експлицитно ја споменува потребата од поширока соработка со земјите од Западен Балкан. Доколку Вишеградската група повторно изгради влијание во Брисел, таа би можела да стане дополнителен глас во поддршка на политиката на проширување на ЕУ и на поблиската интеграција на регионот во европските структури. На тој начин, евентуалното зајакнување на В4 би можело да отвори нови можности за политичка, економска, инфраструктурна и безбедносна соработка меѓу земјите од Централна Европа и Западен Балкан. ■





# РЕВОЛУЦИЈА ВО РАЗВОЈОТ НА ВОЕНАТА ИНДУСТРИЈА НА ТУРЦИЈА



Пишува: д-р Златко Кузманов

Пред да ја започнеме анализата за експанзијата на одбранбената моќ и на воената индустрија на Р.Турција, треба да истакнеме дека Турција, покрај САД, се најголемите поддржувачи и донатори за опремување и модернизација на нашата Армија. Секако, нашата Армија, исто така и набавува голем број на борбени средства и воена опрема од Турција. Примарната цел на овој труд е да дадеме анализа за револуцијата во одбранбената и воздухопловната индустрија на Турција. Согласно стратешките одлуки на највисокото политичко и воено раководство, во изминатите десетина години започна сеопфатен општествен напор и процес за забрзан развој на одбранбената индустрија на Турција, со дефинирана цел, таа да се трансформира во регионална, па и глобална сила. Всушност, се спроведува стратегија на комплементарен развој на проактивна дипломатија („паметна моќ“, со зајакнати одбранбени капацитети и развиена воеоодбранбена индустрија. Реалните согледувачи ќе приметат дека Турција, оваа не би можела да го постигне самостојно, туку во соработка и со други држави. Односно дека, стратешките партнерства на Турција со С.Арабија, Пакистан, Индонезија и други држави, всушност во голема мера помагаат во актуелната експанзија на воената и одбранбена индустрија на Турција. Како и да е, може да кажеме дека Турција, веќе ги жнее придобивките и резултатите од таквиот брз развој. Во регионот на Балканот, Турција има убедливо најголем воен буџет, кој во 2025 година изнесуваше 30 милијарди долари. Преку 2700 компании произведуваат напредна технологија, која во голема мера се користи во воената индустрија. Во 2026 година, домашното производство ги задоволува потребите за одбрана за околу 70%. (Проектирана цел е до 2030 година, тој процент да биде 80%). Извозот на воена опрема во 2025 година достигна 10 милијарди долари. Одбранбената и воздухопловната индустрија, во 2025 година сочинуваа 3,6% од вкупниот извоз на Турција. Клучните проекти за извоз опфаќаат: беспилотни летала, сега веќе и борбен авион од 5-та генерација, системи за ПВО, дронови, воени бродови, оклопни транспортери и борбени возила. Во глобалното рангирање, Турција се позиционира на 11-то место, како извозник на воени средства и опрема во преку 100 држави во светот. Во медиумите најмногу се експонираше успешниот извоз на борбеното беспилотно летало Бајрактар ТБ2, благодарејќи најмногу на во-

ениот конфликт помеѓу Азербејџан и Ерменија, граѓанската војна во Либија и војната помеѓу Русија и Украина. Но, лепезата на производи и извоз на модерни борбени системи е многу поголема и од тие причини ќе дадеме подетален осврт за главните проекти.

### Производство на борбени беспилотни летала

Современи и најизвезувани борбени беспилотни летала (Unmanned aerial vehicles-UAVs), секако се Bayraktar TB2 и најновиот „Bayraktar Kizilelma“. „Бајкрактар ТБ2“ веќе е извезен во 30 држави, а дополнителен број на држави кои имаат потпишано договори за набавка. Најновото борбено беспилотно летало „Bayraktar Kizilelma“, во мај 2026 година ја имаше првата нарачка од страна на Индонезија.

### Најнов повеќенаменски борбен авион KAAH

Најамбициозен проект, секако, е производството на современ повеќенаменски борбен авион од петтата генерација KAAH (TAI TF Kaan), развиен од Воздухопловната индустрија на Турција (Turkish Aerospace Industries-TAI). Производот од овој проект, веќе влегува и во сериско производство. Вооружените сили на Турција имаат нарачано 20 борбени авиони. Индонезија има нарачано 48 борбени авиони во вредност до 10 милијарди долари. Пакистан и Азербејџан имаат потпишано договори за идна набавка. С. Арабија ја согледува можноста да нарача 100 борбени авиони, додека Египет и Шпанија ја разгледуваат можноста за вклучување во ко-производство.

### Оклопни борбени возила

Турција има развиена индустрија за производство на различни борбени и оклопни возила. Најзначајни компании во оваа област се „Отокар“ со седиште во Истамбул, „Нурол Макина“ со седиште близу до Анкара и „БМЦ Отомотив“ со седиште во Измир. Компанијата „Отокар“, го произведува борбеното возило „Cobra“ и “Cobra 2”, кое е извезено во повеќе од 30 држави. Најкарактеристични држави се: Романија, која има договор за набавка на 1059 возила и за нивно производство и Мароко, кој има набавено 200 возила. Покрај овие држави, овие борбени возила ги имаат набавено Словенија, Косово и Македонија. Компанијата „Нурол Макина“ произведува борбени и оклопни возила, возила за специјална намена, борбени возила со куполи за ПВО, за ПТ борба. Најпознати производи им се „Ejder Yalcin“ и „NMS 4x4“. Унагарија има нарачно 800 борбени возила „Ejder Yalcin-Gidran“, со можност за нивно производство. Естонија има нарачано борбени возила „NMS 4x4“ во вредност од 211 милиони долари, а меѓу останатите држави се и Малезија, Катар, Тунис и Чиле. Компанијата „БМЦ Отомотив“, е една од најголемите компании во автомобилската индустрија во Турција. Нивното производство вклучува комерцијални камиони, автобуси, воени камиони, оклопни борбени возила, вклучително и тенкови. Нивни најпознати борбени возила се „Kirpi MRAP“, „Vuran 4x4“ и „Amazon“. Преку 10-тина држави имаат набавено возила од оваа компанија. Македонија, од оваа компанија има набавено влечни возови-камиони, 8x8, за превоз на тенкови.

### Современи системи за ПВО

Најголеми компании за производство на противракетни и противвоздушни одбранбени системи се Аселсан (Aselsan) и Рокетсан (Roketsan). Во 2024 година, Турција го претстави својот Концепт на слоевита ПВО, наречен "Çelik Kubbe“ (Челична купола). Овој систем содржи: Напреден систем за ПВО со долг дострел “SIPER” развиен од компаниите Рокетсан, Аселсан и државниот Истражувачки институт TÜBİTAK SAGE. Наменет е за пресретнување на крстаречки ракети, борбени авиони и беспилотни летала-дронови; Систем за ПВО „HISAR“ со среден и мал домет, развиен од Рокетсан. Дизајниран е за заштита од хеликоптери, дронови и различни закани од воздушниот простор; Систем за ПВО “SUNGAR” (Portable) на мали височини, пренослив систем од оператор војник, развиен од Рокетсан. Наменет е за ПВО на мали височини од хеликоптери и дронови. Сите овие три системи за слоевита ПВО, се координирани и обединети во унифицирана мрежа, користејќи го Системот за команда и контрола-HAKİM (Air Command and Control System), развиен од Аселсан. Најнов високотехнолошки производ е Интерконтиненталната балистичка ракета „Yildirmahan“, претставена во месец мај 2026 година, развиена од Одбранбениот истражувачки и развојен центар на МО на Р.Турција. За потребите на воената морнарица, од страна на Рокетсан е развиена „ATMACA“, против бродска крстаречка ракета со долг дострел. Во военото воздухопловство, од страна на државниот Истражувачки институт TÜBİTAK SAGE, е развиена ракетата, воздух-воздух, „GÖKDOGAN/GÖKBEY“ наменета за воздушна борба.

### Воени бродови

Енормниот развој на ВС на Турција, не ја одминува ниту нивната Воена морнарица. Започната е масовна морнаричка експанзија, со домашно производство на над 40 борбени бродови со различна намена. Носач на авиони (MUGEM-class aircraft carrier) , авиони-разорувачи (TF-2000 air defence destroyers), амфибиски бородови и подморници (MILDEN national submarine).

Ги анализиравме само поважните проекти и области со значителен напредок во развојот во воената индустрија на Турција. Од тие причини, можеме да заклучиме дека долгорочниот план за модернизација на ВС на Турција се спроведува според динамика која е зацртана. Главна цел е да се достигне целосна одбранбена автономија во периодот од 2030 до 2035 година.

Оваа амбициозна цел произлегува од државната стратегија „Век на Турција“ (Century of Türkiye) и „Националната технолошка иницијатива“, чиј фокус е создавање на самоодржлив воеиндустриски комплекс, што ја намалува зависноста од странски добавувачи, ќе ја постави Турција како посредник помеѓу Западот и Истокот и ќе ја утврди позицијата на Турција како голема регионална воена сила. ■



# Ормутскиот Теснец: Енергетска артерија на глобалната безбедност

Во современиот меѓународен поредок, само мал број географски точки имаат толкава стратегиска тежина како што е Ормутскиот Теснец. Овој теснец се наоѓа меѓу Иран и Оман и е единствениот морски излез од Персискиот Залив кон Оманскиот Залив и Арапското Море, а со тоа и кон отворениот Индиски Океан. Неговото значење не произлегува само од географската положба, туку од фактот што претставува незаменлив премин за енергетските текови од заливскиот простор кон глобалните пазари.

Ормутскиот Теснец, пред сè, е енергетски „choke point“ од прв ред. Според „U.S. Energy Information Administration“, во 2024 година, низ теснецот, во просек, минувале околу 20 милиони барели нафта дневно, што одговара на приближно 20% од светската потрошувачка на течни нафтени деривати. Истата година, околу 20% од глобалната LNG-трговија, исто така транзитирала низ Ормут, главно од Катар и Обединетите Арапски Емирати. Ова значи дека секое нарушување на пловидбата во овој теснец не е само регионален безбедносен настан, туку





Пишува: д-р.Александар Петровски

глобален енергетски шок со директни последици врз цените, осигурувањето, транспортните трошоци и стабилноста на снабдувачките синџири.

Од геостратегиска перспектива, Ормутскиот Теснец е простор каде што географијата и силата се спојуваат во една од најконцентрираните безбедносни зони во светот. Иран ја контролира северната страна на Теснецот, додека Оман ја контролира јужната. Поради оваа поставеност, безбедноста на Теснецот не зависи само од поморската навигација, туку и од поширoката воено-политичка динамика во Персискиот Залив. Во кризни услови Теснецот може да стане простор на одвраќање, асиметричен притисок, демонстрација на поморска моќ и инструмент за геополитичка ескалација.

Воеpopulated

| Елемент | Опис |
|---|---|
| **Назив** | Ормутски Теснец |
| **Тип** | Природен поморски теснец |
| **Ги поврзува** | Персискиот Залив, Оманскиот Залив и Арапското Море |
| **Клучни држави** | Иран, Оман |
| **Главна функција** | Транзит на нафта, LNG и стратешка поморска комуникација |
| **Енергетско значење** | Околу 20 милиони барели нафта дневно во 2024 година, што значи 20% од светската потрошувачка на течни нафтени деривати |
| **LNG-значење** | Околу 20% од глобалната LNG-трговија во 2024 година |
| **Стратегиска вредност** | Исклучително висока |
| **Главни ризици** | Воена ескалација, напади врз трговски бродови, минирање, прекин на пловидба, скок на цените на енергенсите |
| **Геополитичка оценка** | Глобален енергетски „choke point“ од прв ред |

*Податоците во табелата се темелат на „EIA“ за енергетските текови и на општите географски и поморски описи од „Britannica“ и од „MO“*

Воеnостратегиската важност на Ормутскиот Теснец дополнително произлегува од фактот што тој е критичен за безбедноста на Sea Lines of Communication. Не станува збор само за движење на танкери, туку за одржување на доверливоста на целиот глобален систем на поморска размена. Токму затоа, IMO, во март 2026 година јавно повика на меѓународна координација за безбедно поминување на цивилното бродство низ Теснецот, после серија напади врз трговски бродови. Ова покажува дека Ормут, денес, не е само енергетски теснец, туку претставува и тест за капацитетот на меѓународната заедница, со цел да ги обезбеди критичните поморски коридори.

За државите од Азија, особено за големите увозници на енергенси, Ормутскиот Теснец претставува витален коридор. За западните морнарички сили, пак, тој е точка на постојано присуство, надзор и одвраќање. За Иран, теснецот има и симболичка и оперативна вредност: тој претставува средство преку кое Техеран може да сигнализира политичка цврстина и да влијае врз стратешките пресметки на своите противници. Оттука, на Ормутскиот Теснец не треба да се гледа само како на географски премин, туку како на простор каде се пресекуваат енергетиката, поморската моќ, регионалната безбедност и глобалната геополитика. ■






# ОБРАЗОВАНИ ПОДОФИЦЕРИ – СТОЛБ НА АРМИЈАТА И ДРЖАВАТА



Пишува: главен наредник Горан Ќирковиќ

Денес, кога безбедносната сцена постојано се преобликува, македонската Армија не може да се потпира единствено на современа опрема, туку пред сè на силен подофицерски кор кој го носи товарот на извршувањето и лидерството. Клучот на секоја ефективна воена сила лежи во луѓето – особено професионалниот, оспособен и авторитетен подофицерски кор. Добро обучените и образовани подофицери не се само поддршка, туку основа на борбената готовност, моралот и лидерството на сите нивоа.

## Подофицерите како столб на лидерството

Подофицерите претставуваат суштинска врска меѓу војниците и офицерите. Како лидери на тактичко ниво, тие директно раководат со одделенија и водови, обезбедуваат реализација на задачите, ја одржуваат дисциплината и гарантираат почитување на стандардите.

Нивната улога, сепак, не е ограничена само на теренот. Во рамките на командниот тим, тие се незаменливи советници на командантите. Преку нивното искуство и секојдневен контакт со војниците, тие обезбедуваат реална слика за состојбата во единиците и придонесуваат во процесот на донесување одлуки. Истовремено, тие обезбедуваат јасно пренесување и спроведување на намерата на командантот, што е суштината на современиот концепт на Mission Command.

Постарите подофицери (Први и Главни подофицери) имаат поширока и подлабока одговорност. Тие дејствуваат како советници на највисоките командни нивоа, обезбедувајќи континуитет во обуката, дисциплината и стандардите. Покрај тоа, тие се ментори и пример за помладите, носители на искуството и пример за организациска припадност. Нивното влијание не се одразува само врз тековните задачи, туку и врз долгорочниот развој на кадарот и унапредувањето на организацијата.

## Образованието како темел на професионалноста

Свесна за значењето на подофицерскиот кор, Армијата и Министерството за Одбрана вложуваат во нивното образование и развој, како во земјата така и во странство.

Основите на професионалниот развој се поставуваат во Центарот за индивидуална обука во Командата за Обука и Доктрини - Велес, каде подофицерите стекнуваат тактички знаења, лидерски вештини и етички вредности. Овие програми создаваат кадар со вистинско и реално разбирање на воената доктрина и националната одбрана.

Понатамошниот развој се надградува преку обуки во странство. Во школата на НАТО во Оберамергау но и други партнерски земји, подофицерите се запознаваат со современи практики и мултинационални операции. Во Република Хрватска, каде што македонските подофицери се испраќаат на неколку различни курсеви и школи тие преку напредните програми, ги зајакнуваат нивните лидерски способности и способностите за интероперабилност и регионална соработка.



Тука е и школувањето во Академијата за главни наредници во Форт Блис - САД, каде подофицерите стекнуваат врвно лидерско образование но и академско образование од доменот на лидерство и менаџмент со работната сила. По враќањето, тие придонесуваат со нови знаења, искуства и визија, подигнувајќи го нивото на професионализам во Армијата.

## Подофицерите како двигатели на подготвеноста

Квалитетните подофицери се клучни за одржување на високото ниво на подготвеност. Тие ја организираат и надгледуваат обуката, ги одржуваат стандардите и дисциплината, и се грижат за физичката подготвеност на војниците.

Како инструктори и ментори, тие директно влијаат врз развојот на новите генерации. Нивниот личен пример ја обликува културата во единиците, поттикнувајќи одговорност, иницијатива, отпорност и издржливост.

Во услови на глобална неизвесност, вложувањето во човечкиот потенцијал останува клучен приоритет. Силен и компетентен подофицерски кор е неопходност, а не избор. Тој гарантира успешно извршување на задачите, почитување на вредностите и долгорочна стабилност на системот. Паралелно со тоа, неопходно е да продолжи развојот на организациската култура – поголемо вклучување на подофицерите во процесот на одлучување, поттикнување на комуникација од долу нагоре и доследна примена на принципите на Mission Command.

Континуираната инвестиција во образованието и развојот на подофицерите е показател за стратешката определба на Армијата. Без разлика дали се на обука, вежби или меѓународни мисии, тие секојдневно ја докажуваат својата вредност. Подофицерите не се само извршители на задачи – тие се носители на професионализмот и „Р’бетот“ на Армијата. ■






# МИЛГРАМОВ ЕКСПЕРИМЕНТ
# ПОМЕЃУ ОВЛАСТУВАЊЕТО И ОДГОВОРНОСТА



Пишува: постар водник 1.кл Виктор Крстевски

***„Командувањето значи преземање одговорност.***
***Без одговорност, авторитетот е само тиранија“.***
***Фердинанд Фош, генерал-маршал на Франција***

Стенли Милграм (Stanley Milgram) бил психолог по социјална психологија, а предмет на проучување му биле влијанието и реакциите на луѓето на послушност, авторитет, социјални влијанија и други гранки на психологијата. Милграм бил професор по социјална психологија на универзитетите „Јејл“, „Харвард“ и „City University of New York“. Светска слава стекнал со „Експериментот на послушност“ (1961), попознат како Милграмов експеримент. Милграм, предизвикан од судбината и страдањето на Евреите за време на Втората светска војна се обидел да даде одговор на прашањето како обичните луѓе (германските војници) стануваат извршители на зло, свесни за нивните злодела како резултат на апсолутна послушност и покорност од за нив претпоставениот авторитет.

## Како изгледал експериментот на Милграм?

Експеременотот претставувал строго контролирана студија за учење и меморија и опфаќал тројца учесници кои имале три различни улоги:

- **Истражувач** – авторитативна фигура којашто ја координира активноста исклучиво наредбодавно..
- **Учител** – лице со делегиран авторитет од повисокиот авторитет коешто има овластуање да настапува во улога на испитувач.
- **Ученик** – лице коешто целосно му е потчинето на „учителот“ како претпоставен, должно да ги следи наредбите и насоките на „учителот“.

„Истражувачот“ и „ученикот“ се професионални актери кои се запознаени со експериментот, додека „учителот“ е вистинскиот испитаник, „субјект на проучувањето“, којшто своеволно прифатил и се обврзал да учествува во експериментот и да ги почитува правилата. Експериментот подразбирал „ученикот“ да научи одредени реченици и да биде испрашан од „учителот“, а за секој неточен одговор следувала санкција од „учителот“ кон „ученикот“, така што тој бил изложен на електричен шок кој почнувал од 15 до 450 волти (на прекинувачот означени како „многу опасно“). Всушност, немало вистински електрошокови, но учесникот, во улога на „учител“, не го знаел тоа па, така, „ученикот“ – актерот, глумел удари на електрошок и вресакал, молејќи го “Учителот“ да престане. Кога „учителот“ се двоумел, „истражувачот“ мирно, одлучно и авторитетно наредувал: „Експериментот бара да продолжите! Немате друг избор, мора да продолжите! Ви наредувам да продолжите, инаку ќе бидете казнети за непочитување на договорот“ и така натаму.

**Резултатите од експериментот** се повеќе од вчудоневидувачки (шокант-

ни) – 65% од учесниците стигнале до 450 волти (ситуација во која под авторитетното влијание на „истражувачот“, испитаникот-„учителот“ го санкционирал „ученикот“ со максимална казна од електрошок со јачина од 450 волти). Испитаниците, иако повеќето од нив биле видно вознемирени, се потеле, трепереле, понекогаш го молеле „истражувачот“ да го прекине експериментот но, сепак, со наредба од авторитетот продолжувале и оделе до крајни граници.

**Од овој експеримент можеме да заклучиме** дека обичните и чесните, односно моралните луѓе од секојдневието, иако претходно покажувале културно, чесно, морално и етичко однесување, под притисок на претпоставениот авторитет можат да преминат во екстремно, неморално и неетичко однесување, извршувајќи најразлични злодела (воени диктатури, полициско насилство, корпорациски скандали, бирократски системи итн.). Пораката од експериментот е вознемирувачка, но искрена: Злото секогаш доаѓа од омраза, но понекогаш доаѓа и од послушност.

## Милграм и воените организации

Војската е совршена лабораторија за Милграмовиот експеримент, затоа што армијата се темели на: хиерархија, дисциплина, безусловна послушност и брзо извршување на наредбите, така што она што кај Милграм е експеримент, во армијата тоа е систем кој функционира. Во воената организација униформата, чинот, должноста и заклетвата се поврзани со апсолутен авторитет во релацијат претпоставен – наредба – потчинет, каде што потчинетиот не е морален субјект, туку како „продолжена рака на системот“ кој управува преку наредбата, а на тој начин се доведува до состојба каде мислите се заменуваат со процедури: „Јас не одлучив, само извршував. Таква беше наредбата“!

Воената организација е пред постојан предизвик како да се создаде послушен, но морален војник, бидејќи премногу послушност доведува до злоупотреба, премалку послушност предизвикува недисциплиа, хаос и распаѓање на единицата. Решението е во проучување на воената етика и во етичката обука со симулации на морални и етички дилеми. Историски познат доказ за валидноста на Милграмовиот експеримент е „Случајот Вилсон“ од 1 септември 1987 година во Конкорд, Калифорнија, САД. Брајан Вилсон (Brian Willson), активист, во мировен протест бил прегазен од машиновозачот на возот на кого претходно му било наредено да не го сопира движењето на возот, иако знаел дека пругата е блокирана од демостранти. Подоцна, во судкиот процес, машиновозачите не се осудени бидејќи тие само ја вршеле нивната должност, почитувајќи ги наредбите кои им биле дадени.

## Клучни психолошки моменти:

1. „Агентска состојба“ (Agentic state), состојба во која поединецот не се доживува себеси како личност која дејствува според сопствените морални вредности, туку како инструмент (агент), којшто ја извршува волјата на некој друг.

2. „Дифузија на одговорноста“ („хиерархиски штит“ во воената структура). Потчинетиот смета дека одговорноста е кај претпоставениот којшто ја дал наредбата, со што се создава морален вакуум каде што грозоморното дело се извршува без личен товар.

3. Дехуманизација на „жртвата“, кога преку говорот (користење евфемизми) се намалува отпорот кон насилството, па така, наместо „убивање цивили“ се користи терминот „колатерална штета“; наместо „напад“, се користи „неутрализација на целта“. Кога војникот нема чувство дека убил човек, туку само го „расчистува теренот“ или „елиминира закана“, неговата совест останува мирна бидејќи јазикот му ја одзема одговорноста за човечкиот живот.

4.Техничка наспроти морална одговорност, која се заменува со техничка прецизност. Војниците се фокусираат на тоа колку добро ја извршуваат задачата (на пр. колку прецизно го насочуваат огнот), наместо да размислуваат за тоа што, всушност, прават. Успехот во извршувањето на задачата станува извор на гордост, што ја маскира моралната природа на самото дело.

5.Губење на индивидуалниот суверенитет. Воената обука е дизајнирана да го скрши индивидуалното „јас“ и да го замени со групен идентитет. Кога војникот ќе стане дел од „колективното тело“, тој дејствува како дел од механизмот кој функционира

6. Дистанца и десензитизација – колку е поголема физичката или психолошката дистанца од жртвата, толку е полесно да се исклучи одговорноста. Како што видовме кај операторите на дронови или артилеријата, кога жртвата е само „точка на екранот“, биолошкиот механизам за емпатија не се активира. Без емпатија не се јавува чувство на вина, а без чувство за вина нема ни чувство за одговорност.

Феноменот на Милграмовиот експеримент во современото доба најчесто се забележува преку злоупотребувањето на полициските овластувања, односно при употреба на сила, термин што е познат како „полициска бруталност“. Современата воена историја, исто така, има забележано многу настани на прекумерна употреба на воена сила во име на авторитетот којшто го дава овластувањето, па така воената бруталност во последниве војувања повеќе не е исклучок туку мошне честа појава. ■


Стенли Милграм



# НАЦИОНАЛНИОТ ПРАЗНИК НА САД, 4 ЈУЛИ – Симбол на американската државност

Пишува: м-р Ксенија Митева

Денот на независноста, 4 Јули (Independence Day), е еден од најважните американски национални празници. На тој ден, во 1776 година била усвоена Декларацијата за независност на САД (United States Declaration of Independence), со која тринаесетте британски колонии во Северна Америка прогласиле независност од Обединетото Кралство ( United Kingdom).

САД, на 4 Јули го прославуваат Денот на независноста и на патриотизмот и, воедно, го чествуваат и националното единство на Америка.. На 4 Јули низ целата земја се организираат огномети, паради, концерти на отворено, семејни собири, се прават излети на отворено, се одржуваат спортски настани и улиците се украсуваат со знамиња. Многу Американци го дожививуваат овој ден како што и многу други народи ги слават своите денови на независност или на државност.

## Историското значење на американскиот Ден на независноста

Пред создавањето на Соединетите Американски Држави, на Источниот брег на Северна Америка постоеле 13 британски колонии кои биле под власт на Обединетото Кралство. Тие постепено биле основани во текот на 17 и 18 век.

Тринаесетте британски колонии биле следниве:

1. Вирџинија
2. Масачусетс
3. Њу Хемшвир
4. Роуд Ајленд
5. Конектикат
6. Њу Јорк
7. Њу Џерси
8. Пенсилванија
9. Дилејвер
10. Мериленд
11. Северна Каролина
12. Јужна Каролина
13. Џорџија

Колониите имале свои локални

собранија и биле навикнати на одреден степен на самоуправа. После Француско-индиската војна (1754 –1763 1763),британската влада вовела нови даноци за да ги покрие воените трошоци. Но, колониите буле незадоволни бидејќи немале свои претставници во британскиот Парламент. Оттука, всушност,
Произлегол и познатиот слоган: „No taxation without representation“ („Нема одданочување без претставување“).

## Патот кон независноста

Тензиите се зголемувале со години. Еден од најпознатите настани бил „Boston tea Party“ во 1773 година, кога колонисти фрлиле британски чај во пристаништето во Бостон во знак на протест. Во 1775 година започнала американската Граѓанска војна, а на 4 јули 1776 година била усвоена Декларацијата за независност што ја напишал Томас Џеферсон.

Независноста на Америка била прогласена на 4 јули 1776 година, но војната помеѓу британските колонии продолжила уште неколку години. Конечно, независноста на САД била официјално призната со „Treaty of Paris“(Договорот склучен во Париз) во 1783 година.

## Интересни факти

Денешното американско знаме има 13 црвени и бели ленти кои ги симболизираат токму овие 13 прввични колонии. Подоцна, како што се приклучувале нови држави во Унијата, се додавале и нови ѕвезди на американското знаме. Денес, знамето на САД има 50 ѕвезди, по една ѕвезда за секоја држава. Овие 13 колонии се сметаат за јадрото од кое се развивале Соединетите Американски Држави.

Денес 4 Јули, националниот празник на Соединетите Американски Држави, претставува симбол на американската државност и еден од најсвечено одбележуваните празници во САД, симбол на слободата, на независноста и на демократските вредности врз кои е изградена државата. Националниот празник на САД, 4 Јули, не е само потсетник на историското минато, туку и можност граѓаните да го изразат своето чувство за национална припадност, единство и почит кон слободата.

САД се еден од најважните стратешки партнери на нашата земја. Соработката меѓу нашата земја и САД е особено значајна во областа на одбраната и безбедноста каде САД со години даваат поддршка за модернизација и развој на Армијата. Преку заеднички воени вежби, обуки и програми за едукација, македонските вооружени сили ги унапредуваат своите капацитети и интероперабилноста, заедно со останатите земји членки на НАТО.

Американската поддршка беше особено важна во процесот на пристапување на земјата во НАТО и во исполнувањето на потребните стандарди. Денес, партнерството меѓу САД и Македонија претставува силен темел за стабилноста, безбедноста и развојот на регионот. ■







# „ASELSAN ŞAHİN“ –

## Современ штит против новата воздушна закана

Во последната деценија, карактерот на војувањето драматично се промени. Наместо класични воздушни закани како авиони и хеликоптери, на бојното поле доминираат мали, евтини и тешко забележливи дронови. Тие се користат за извидување, корекција на артилериски оган, па дури и како оружје сами по себе. Во такви услови, класичните системи за противвоздушна одбрана често се покажуваат како прескапи или неефикасни.

Како одговор на оваа нова реалност, турската компанија „ASELSAN“ го разви системот „ŞAHİN“ – специјализирано решение за неутрализирање на беспилотни летала на кратки растојанија. Проектот „ŞAHİN“ е дел од поширока стратегија на Турција за развој на домашна одбранбена индустрија и намалување на зависноста од странски технологии. Системот е развиен со јасна цел: да понуди ефтин, мобилен и високо ефикасен одговор на растечката закана од дронови. Она што го издвојува ŞAHİN од многу други системи е неговиот фокус на прецизна балистичка пресметка и интелигентна муниција, наместо скапи ракети или сложени ласерски системи. Во својата суштина, „ŞAHİN“ е далечински управувана оружна станица поставена на стабилна платформа, која може да се инсталира на стационарни позиции, воени бази или возила. Главното вооружување е 40 mm автоматски гранатомет, кој користи специјална муниција од типот ATOM (Airburst Munition).



Пишува: м-р Трајче Чатмов




Системот е опремен со:
- дневна ТВ камера со висок зум
- термална камера за ноќни операции
- ласерски далечиномер
- компјутер за балистички пресметки
- можност за интеграција со радарски системи

Оваа комбинација му овозможува на „ŞAHİN“ да работи автономно или како дел од интегриран систем за одбрана.Најважниот елемент на системот е муницијата АТОМ. За разлика од класичните гранати, овие проектили се програмираат во моментот на истрелување. Тоа значи дека се пресметува точната дистанца до целта, гранатата експлодира во воздух, на идеална позиција, се создава облак од метални фрагменти.

Овој „облак“ драматично ја зголемува шансата за погодок, особено против мали квадкоптери, FPV-дронови или мини UAV-системи. Практично, не е потребен директен погодок – доволно е дронот да влезе во зоната на шрапнели.

„ASELSAN ŞAHİN“ има јасно дефинирана улога: блиска заштита (close-in defense). Неговиот ефективен домет од околу 700 метри го прави идеален за последна линија на одбрана, заштита на чувствителни точки и за урбани борбени услови. Во модерните конфликти, „ŞAHİN“ често се користи како дел од слоевит систем.

Во споредба со ракетните системи за ПВО, „ŞAHİN“ има неколку клучни предности и тоа ниска цена по истрел, брза реакција, висока ефикасност против мали цели, лесна логистика и одржување и можноста за интеграција со други системи.

Дополнително, системот е отпорен на електронско попречување, бидејќи користи кинетичко уништување, а не електронска неутрализација.

Искуствата од конфликтите во Украина, Сирија и Нагорно Карабах покажаа дека дроновите можат да имаат стратегиско влијание. Во такви услови, системи како „ŞAHİN“ ја намалуваат ефикасноста на непријателските UAV, ја зголемуваат заштитата на трупите, создаваат нов слој на одбрана и токму од овие причини ваквите системи стануваат стандардна опрема во модерните армии.

Се очекува во иднина „ŞAHİN“ да добие подобрена автоматизација со вештачка интелигенција, поголем домет и побрза реакција, како и интеграција со ласерски и електронски системи и способност за справување со „роеви“ дронови. Сето ова ќе го направи уште поефикасен во борбата против новите генерации UAV.

„ASELSAN ŞAHİN“ претставува симбол на новата ера во противвоздушната одбрана – ера во која брзината, интелигенцијата и економичноста се подеднакво важни како и огнената моќ. Со својата комбинација од напредна технологија и практичен пристап, ŞAHİN не е само оружен систем, туку и доказ дека иднината на војувањето ќе се решава токму во борбата против малите, но опасни беспилотни летала. ■



# ХЕЛИКОПТЕРОТ „AW149“ ОД КОМПАНИЈАТА „ЛЕОНАРДО“



Пишува: полковник Драган Павловски

Воените хеликоптери од компанијата „Леонардо“ ги задоволуваат најстрогите оперативни барања и извршуваат широк спектар на повеќенаменски операции. Поддржувајќи ја меѓународната безбедност, сите производи се одликуваат со најсовремена авионика и опрема за мисии, што го прави секој хеликоптер целосно оперативен систем, а не само платформа. Високите перформанси и системската интеграција се главните карактеристики што ја разликуваат линијата на хеликоптери на Леонардо, правејќи ги идеални за воздушни, копнени и поморски мисии, како и за специјални операции. Хеликоптерите се способни за спроведување широк спектар на мисии, почнувајќи од транспорт на трупи, поддршка на копнени и специјални единици, спасување на персонал, медицинска евакуација, па сè до вооружено извидување и блиска воздушна поддршка во различни географски подрачја и климатски услови. „Леонардо“ ги дизајнира своите воени хеликоптери за да добие и да ја одржува тактичката предност на бојното поле. Целосно интегрираните напредни системи за операции ден-ноќ, мисиите во екстремни средини со високо ниво на безбедност и преживување, опремата и вооружувањето, го прават секој хеликоптер оперативен систем интегриран во современиот дигитален боен простор, способен да работи заедно со други платформи за откривање, идентификување и испорака на смртоносни и несмртоносни ефекти.

Копманијата „Леонардо“ нагласува дека хеликоптерот „AW149“ е најсовремен во својата класа, имајќи ги во предвид современите закани и идните оперативни барања.

## „AgustaWestland “/ „Leonardo AW149“

Хеликоптерот „AW149“ е повеќенаменски воен хеликоптер, со средна големина, а воедно и воздухоплов од новата генерација. Првпат бил претставен во 2006 година за време на „Farnborough Air Show“, а својот прв лет го реализирал во 2009 година, а до 2014 година го добил и сертификатот за воена употреба, при што влезе



во сериско производство.

Во споредба со хеликоптерот „AW139“, овој хеликоптер е со поголем труп и помоќни мотори, што резултираше со поголема можност за носење корисен товар. Италијанските воздухопловни сили го разгледуваа како хеликоптер за пребарување и спасување, но наместо тоа го избраа полесниот „AW139M“. Хеликоптерот се продава како алтернатива на семејството „Sikorsky UH-60 Black Hawk“, а се користи и лета со екипаж составен од двајца пилоти.

Хеликоптерот „AW149“ се карактеризира со моќна опрема за слетување и истата може да издржи слетување со брзина на понирање од 9,5 м/сек, во споредба со 2 м/сек за цивилен хеликоптер. Тој е опремен со системи за ноќно летање NVG (Night Vision Googles) и со IR-формациско светло за ноќни тактички операции. Хеликоптерот е погоден за сите временски услови, може да работи во пустински услови и во услови со пониска температура и замрзнување. Поседува капацитет за 19 војници со лесна опрема, односно 16 војници во борбена опрема. Има должина од 17.57 метри и висина од 5.07 метри. Максималната тежина при полетување е 8.600 кг, со корисна носивост од 3.880 кг или со можност за подвесен надворешен товар од 2.800 кг. Максимална брзина на хеликоптерот изнесува 313 км/ч, со максимален долет од 1.009 км, односно времетраење на летот од вкупно 5 часа и 05 минути.

Хеликоптерот уште од првичниот дизајн се сметал за платформа со повеќе намени. Поради ова дизајнот вклучува карактеристики што овозможуваат брзи промени во конфигурацијата без потреба од специјална опрема и специјализиран персонал, директно на линијата на летот. Брзата реконфигурација се реализира преку специјализирани комплети, вклучувајќи дигалка за спасување, носила, куки за товар, рефлектори, митралези што ги опслужува екипажот и прецизно вооружување. Во кабината може да се инсталира и посебна конзола, способна да се поврзува со системите инсталирани на хеликоптерот, да пренесува податоци, како и да прима податоци од други средства. „AW149“ обезбедува неспоредлива безбедност на екипажот. За неговата супериорна издржливост на борбеното поле придонесуваат високите нивоа на балистичка толеранција на лопатките, конструкцијата на авионот и компонентите, отпорниот труп и седиштата, опремата за слетување и структурата што апсорбираат енергија, а главниот ротор има можност за „работа на суво“ од 50 минути. Во оперативна воена служба хеликоптерот „AW149“ се наоѓа во Египет и во Тајланд, а во Полска беше планирана и во текот на 2024 година, кога е отворена нова производствена линија (PZL- Świdnik). Во јуни 2022 година, полскиот министер за одбрана изјави дека Полска ќе нарача 32 хеликоптери „AW149“, а производството ќе се одвива во фабриката на „Леонардо во PZL Świdnik“. Договорот беше потпишан на 1 јули 2022 година, со вредност од 1,76 милијарди евра, а испораката е планирана во периодот 2023-2029. Првиот локално произведен „AW149“ ја напушти производствената линија во „Świdnik“ во февруари 2025 година.

## Набавка на хеликоптерот во нашата земја

Нашата држава реализира набавка на хеликоптерот „AW149“, која е во тек. Во Министерството за одбрана беше потпишан Договор за набавка на нови осум повеќенаменски хеликоптери од типот „AW149“ и „AW169M“ за потребите на македонското военото воздухопловство. Државата се обврза да ја замени застарената флота хеликоптери „Ми-8/17“ и „Ми-24“. Овој договор е склучен во согласност со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности 2023-2032 година, плановите на Армијата за обновување на воздухопловната компонента и, како резултат на Договорот „Влада со влада“ помеѓу Македонија и Република Италија.

Со планот за модернизација и опремување на Армијата треба да се продолжи со интероперабилноста со нашите сојузници во НАТО. Хеликоптерите, освен што ќе служат за реализација на борбени операции, може да бидат ангажирани и во мисии со силите за специјални операции, за пребарување и спасување (SAR) и борбено пребарување, медицинска евакуација (MEDEVAC), евакуација на повредени (CASEVAC), блиска воздушна поддршка (CAS), разузнавање, надзор и извидување (ISR), гаснење на пожари и друга помош за населението во кризна состојба.

Покрај набавката на осум хеликоптери кои треба да бидат испорачани во периодот од 2026 година до крајот на 2029 година, вклучен е и пакет за логистичка поддршка, односно опрема и резервни делови, симулатор/тренажер, потоа комплетна обука на летачкиот и техничкиот персонал, како и изградба на модерен инфраструктурен објект. Од 2025 година, Министерството за одбрана и Генералштабот на Армијата преземаат сериозни чекори во делот на имплементација на Договорот за набавка на новите осум хеликоптери „AW149“ и „AW169M“.






# РАСТЕЧКИ МОБИЛНИ ИЗМАМИ И УЛОГАТА НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИТЕ ОПЕРАТОРИ ВО ЗАШТИТАТА НА КОРИСНИЦИТЕ



Пишува: м-р Реџеп Мустафовски

Мобилните комуникациски мрежи во последните години стануваат сè почеста цел на софистицирани сајбер измами, при што гласовните повици, СМС-пораките и ОТТ платформите се користат како примарни канали за манипулација и финансиска злоупотреба. Зголемената дигитализација и високата зависност од мобилните услуги создаваат поволна средина за напаѓачите, што резултира со растечки број на жртви и сериозно нарушување на довербата во дигиталните комуникации. Овие состојби ја нагласуваат потребата од системски, координиран и проактивен пристап кон безбедноста.

Во таков контекст, телекомуникациските оператори сè повеќе се препознаваат како клучни чинители во спречувањето и раното откривање на измамничките активности, со потенцијал значително да придонесат кон стабилноста и безбедноста на дигиталниот екосистем.

Мобилните комуникации претставуваат еден од темелите на современото општество, опфаќајќи лична, деловна и институционална размена на информации. Токму поради оваа централна улога, мобилните мрежи се наоѓаат во фокусот на организирани измамнички групи кои комбинираат технички средства со техники на социјален инженеринг. Лажни повици (vishing), измамнички СМС- пораки (smishing) и злоупотреба на идентификацијата на повикувачот се меѓу најраспространетите методи за манипулација на корисниците.

Дополнителен ризик претставува примената на вештачка интелигенција за автоматизирано генерирање реалистични пораки и гласовни повици, што им овозможува на напаѓачите масовни и тешко препознатливи напади со минимални ресурси. На тој начин, мобилните измами стануваат поефикасни, побрзи и значително поопасни.

Сликата прикажува поедноставен архитектонски приказ на мобилна телекомуникациска мрежа, кој ги опфаќа радиопристапниот дел (Radio Access Network – RAN) и јадрото на мрежата (Core Network) за 2G/3G и 4G (LTE) технологии. Прикажани се клучните мрежни елементи како базни станици (BTS, NodeB, eNodeB), јадрени компоненти за управување со мобилност и податоци (MSC, HLR/HSS, SGS GGSN, MME, SGW, PGW), како и домените за наплата, IMS услуги и додадени вредносни сервиси. Дијаграмот ја илустрира и меѓусебната поврзаност со јавниот интернет, PSTN/PLMN мрежите и системите за оперативна поддршка (OSS), нагласувајќи ги сигнализациските и корисничките текови на податоци во рамки на модерните мобилни мрежи.

Телекомуникациските оператори се наоѓаат во уникатна позиција за справување со овие закани, бидејќи управуваат со инфраструктурата и располагаат со увид во мрежните сообраќајни обрасци. Преку анализа на аномалии, детекција на сомнителни активности и примена на превентивни мерки, тие можат навремено да идентификуваат автоматизирани повици, масовни СМС-кампањи и манипулации со сигнализациските протоколи. Оттука, нивната улога не се сведува само на обезбедување на услуга, туку




*Слика 1. Архитектура на мобилна телекомуникациска мрежа и клучни домени*

и на активна заштита на корисниците.

Предизвикот дополнително се усложнува поради транснационалниот карактер на мобилните измами. Напаѓачите често користат инфраструктура распоредена во повеќе држави, што ја отежнува идентификацијата и санкционирањето. Ова наметнува потреба од регионална и меѓународна соработка, усогласување на регулативите и заеднички безбедносни стандарди меѓу операторите, регулаторните тела и финансиските институции.

Современите технологии, особено аналитичките системи базирани на вештачка интелигенција, играат значајна улога во заштитата од мобилни измами. Анализата на големи количини податоци во реално време овозможува препознавање на нетипични обрасци и рано предупредување. Сепак, нивната примена мора да биде внимателно балансирана со заштитата на приватноста и почитувањето на законските рамки, со цел да се зачува довербата на корисниците.

Посебно чувствителен аспект е користењето службени мобилни телефони во воената област. Воениот персонал е изложен на ризици како пресретнување на комуникации, злоупотреба на идентификацијата и неовластен пристап до чувствителни информации. Поради тоа, службените мобилни уреди мора да се третираат како дел од критичната комуникациска инфраструктура, со строги безбедносни политики, контролирана употреба и постојан надзор, со цел зачувување на оперативната безбедност.




Растечкиот обем и сложеност на мобилните измами јасно укажуваат дека безбедноста на мобилните комуникации претставува сериозен предизвик за современото општество и безбедносните структури. Телекомуникациските оператори имаат клучна улога во спречувањето и раното откривање на измамничките активности, но успехот зависи од координиран пристап што ги поврзува технолошките решенија, институционалната соработка и едукацијата на корисниците. Особено во воениот домен, каде последиците од компромитација можат да бидат директни и сериозни, мобилните комуникации мора да се заштитуваат како критична инфраструктура, со јасни правила, напредни безбедносни механизми и континуиран надзор. ■

# Посета на возду
# на деца од ЈОУГД „Анг



# ухопловен ВИНГ
# тел Шајче“ – Куманово





# „Fuchs JAGM“ (Joint Air-to-Ground Missile)



## Новата германска сила за лов на тенкови

Пишува: Идриз Идризоски

На меѓународниот саем „Enforce Tac 2026“, кој се одржа во Германија, одбранбениот гигант „Rheinmetall“, во соработка со компанијата „Lockheed Martin“, ја претстави својата најнова борбена платформа – „Fuchs JAGM“, уништувач на тенкови од новата генерација. Возилото претставува спој на германската инженерска прецизност и американската ракетна технологија, создадено за доминација на модерното бојно поле.

### Концепт и дизајн

„Fuchs JAGM“ е изграден врз проверената шасија на оклопното возило „Fuchs 6×6“, добро познат транспортер кој со децении служи во бројни армии ширум светот. Новата верзија, меѓутоа, е радикално преосмислена: ја задржува високата мобилност на платформа на тркала, но добива нов модул со 24-вертикално лансирани ракети „AGM179 JAGM“ или „AGM114L Hellfire Longbow“. Со ова возилото станува првиот уништувач на тенкови на тркала со таков капацитет во светот.



### Огнена моќ и технологии

Главното оружје – JAGM (Joint Air-to-Ground Missile) – комбинира ласерско и радарско наведување со милиметарска прецизност, овозможувајќи напади дури и во услови на магла, дожд или чад. Секоја

ракета има дострел до 16 километри, а тандембоевата глава е дизајнирана да пробие современ композитен и реактивен оклоп.

Интегрираниот систем за управување со огнот овозможува симултано следење и гаѓање на повеќе цели, додека вертикалниот лансирен систем (VLS) му дава на „Fuchs JAGM" целосен 360степен обем на дејство, без да има потреба возилото да ја менува својата ориентација.

## Тактичка улога и современи можности

„Fuchs JAGM" е замислен како дел од интегриран „сензорстрелец" екосистем, за да може да комуницира со беспилотни летала, извиднички возила и командни центри. На тој начин германската армија добива средство коешто не уништува само тенкови, туку и активно придонесува во мрежно поврзаното водење на борбени операции.

## Ново поглавје во европската одбрана

Според „Rheinmetall", „Fuchs JAGM" е „нов стандард за мобилни противтенковски системи" – комбинација на мобилност, прецизност и супериорна огнена моќ. Возилото е показател за сè поголемата технолошка соработка меѓу Германија и САД и потенцијален нов столб на европската копнена одбрана.

Со започнување на оперативната употреба на „Fuchs JAGM", европските војски добиваат средство коешто е способно да ја измени рамнотежата на силите на бојното поле – брзо, смртоносно и технолошки софистицирано, подготвено за новиот век на мрежно водење на војната.

Системот е дизајниран да го распореди американскиот ракета-трагач „AGM-179 JAGM" со двоен режим, којшто комбинира полуактивно ласерско и милиметарско-браново радарско водење. Оваа мултирежимска конфигурација овозможува ангажирање на оклопни возила во движење, утврдени позиции, па дури и воздушни закани под деградирани визуелни услови. Алтернативната интеграција на „AGM-114L Hellfire Longbow" обезбедува можност за „fire and forgot" („испукај и заборави"), со радарско водење и со перформанси докажани во борба. Вертикалната конфигурација за лансирање овозможува ангажирање од 360 степени, без препозиционирање на возилото, значително подобрувајќи го времето на реакција и преживувањето во флуидни борбени средини.

Оперативно, можноста за носење и лансирање на 24 ракети, без повторно полнење, му дава на „Fuchs JAGM" сатурација на удар, далеку над традиционалните носачи на противтенковски водени ракети кои обично имаат четири до осум проектили подготвени за употреба. „Rheinmetall" посочува дека системот може брзо да открие и да ангажира повеќе закани едно по друго, теоретски, при контра напад до 24 главни борбени тенкови или во комбинација со оклопни и воздушни цели за време на еден циклус на ангажирање. Во сценарија на конфликти со висок интензитет кои се карактеризираат со масовни оклопни напади или со координирани операции со беспилотни летала, таквата способност за испукување на поголем број на проектили има и можност за одвраќање и за одржливо влијание на бојното поле.

Според поголемиот дел експерти од областа на пешадиските борбени возила и оклопни возила, новата платформа е една од најсовремените високомобилни уништувачи на тенкови за брзо распоредување против непријателски оклопни и неоклопни возила. Таа ја комбинира докажаната мобилност на возилото со специјализирано противтенковско оружје и модерни извидувачки системи, притоа истакнувајќи ја способноста на возилото за справување со поголем број на борбени тенкови во низа. ■



| Карактеристики на „ Fuchs JAGM “ | |
|---|---|
| Категорија: | Оклопно возило/уништувач на тенкови |
| Конфигурација | 6x6 |
| Производители: | „Rheinmetall" и „Lockheed Martin" |
| Димензии: | 5,7 × 3,3× 3 м |
| Маса: | 24500 кг |
| Автономија на опсег: | 800 км |
| Совладување на водени препреки | До длабочина од 1,5 метри |
| Совладување на ров | 1,2 метри |
| Совладување на вертикални препреки | 0.7 метри |
| Мотор: | 6V 199 TE20 engine by mtu, a Rolls-Royce brand |
| Вооружување: | AGM-179 JAGM -surface-to-surface and surface-to-air или AGM-114R Hellfire Longbow |



# УЛОГАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА МОРСКИТЕ МИНИ ВО ОРМУТСКИОТ ТЕСНЕЦ



Пишува: Александар Стојчевски

Ормутскиот Теснец претставува една од најстратешките поморски теснеци во светот, преку кој секојдневно транзитира значителен дел од глобалната трговија со енергенси, особено со сурова нафта и со течен природен гас. Неговата географска положба, која ги поврзува Персискиот Залив со Оманскиот Залив, и понатаму, со Индискиот Океан, го прави исклучително чувствителна точка во однос на безбедноста на меѓународниот поморски сообраќај. Во ваков контекст, потенцијалната употреба на морски мини од страна на Иран претставува една од најзначајните асиметрични поморски закани во современи услови. Во комбинација со противбродски балистички ракети и беспилотни површински пловила, морските мини се појавуваат како едно од најефикасните средства за контрола и нарушување на пловните рути, особено кога се користат од држави кои се потпираат на асиметрични воени стратегии. Морските мини се особено ефикасни во ограничени водени простори како што е стратешки важниот Ормутски Теснец. Нивната релативно ниска цена, едноставноста на поставување и силниот психолошки ефект, ги прават преферирано средство за контрола и блокада на морскиот простор. Употребата на морските мини низ историјата ја потврдува нивната ефикасност како средство за поморско војување, па актуелните конфликти во Персискиот Залив покажуваат дека минирањето останува релевантна тактика, особено во контекст на напади врз комерцијалниот бродски сообраќај.

Морските мини се експлозивни направи дизајнирани да предизвикаат оштетување или уништување на бродови и подморници. Нивната долготрајна употреба во поморските конфликти укажува на нивната практична вредност, која произлегува од комбинацијата на релативно ниската цена, едноставноста во конструкцијата и значителниот деструктивен потенцијал. За разлика од други современи вооружувања, кои бараат сложени системи за насочување и одржување, морските мини можат да се произведуваат, складираат и распоредуваат со релативно ограничени ресурси. Ова ги прави особено привлечни за држави кои сакаат да создадат сериозен безбедносен предизвик за помоќни противници без да инвестираат во скапа воена технологија.

Во основа, морските мини се состојат од експлозивно полнење, механизам за активирање и структура која им овозможува да се позиционираат во водената средина. Големината на експлозивното полнење може значително да варира, од релативно мали до огромни количини кои можат да предизвикаат катастрофални оштетувања. Начинот на активирање претставува една од клучните карактеристики што ги разликува различните типови мини. Наједноставните, таканаречени контактни мини, се активираат кога бродот физички ќе дојде во допир со нив или ќе се приближи на многу мала оддаленост. Овој тип на мини е широко распространет поради својата едноставност, но истовремено е и релативно лесен за откривање и неутрализација. Со технолошкиот развој, се појавуваат пософистицирани типови познати како неконтактни мини, кои не бараат директен контакт со целта. Наместо тоа, тие користат различни сензори за да го детектираат присуството на брод преку неговите физички карактеристики, како што се магнетното поле, акустичниот шум, промените на притисокот во водата или дури и електричниот потенцијал. Овие мини можат да бидат програмирани да реагираат само на специфични цели, на пример големи танкери, што значително ја зголемува нивната селективност и ефикасност. Дополнително, постојат и таканаречени лансирни мини

кои, по детекција на целта, лансираат боева глава кон неа, што ги прави особено опасни во подлабоки води.

Позиционирањето на морските мини во водата претставува уште еден важен аспект кој влијае врз нивната ефикасност. Некои мини слободно пловат на површината и се движат под влијание на морските струи и ветерот, што им овозможува да покријат поголеми површини, но истовремено ги прави непредвидливи. Други се поставуваат на морското дно, каде што остануваат стабилни и често содржат поголеми експлозивни полнења. Трет тип се сидрените мини кои се прицврстени за дното со кабел, но лебдат на одредена длабочина, што им овозможува да бидат позиционирани во оптимален однос со пловните објекти. Изборот на типот на мина и нејзината позиција зависи од тактичките цели, длабочината на водата и очекуваните цели.

Механизмот на дејство на морските мини е заснован на физичките ефекти на подводната експлозија. При детонација се создава силен ударен бран кој се шири низ водата со голема брзина, како и експандирачки гасен меур кој се движи кон површината. Овие два феномена заедно предизвикуваат значителни механички напрегања врз структурата на бродот. Ударниот бран може да оштети чувствителни системи, како што се електрониката и погонските механизми, додека гасниот меур може да предизвика деформација на трупот, па дури и кршење на трупот ако бродот се наоѓа директно над експлозијата. Ефектите од експлозијата зависат од повеќе фактори, вклучувајќи ја големината на експлозивното полнење, длабочината на поставување и конструктивните карактеристики на бродот. Иако е можно експлозијата да доведе до моментално потонување на помали пловни објекти, кај големите танкери ситуацијата е посложена. Нивната масивна конструкција и големата тежина ги прават релативно отпорни на директно уништување, но тоа не значи дека се имуни на оштетувања. Подводните експлозии можат да предизвикаат структурни деформации, оштетувања на опремата и дури и продор на вода во трупот, што може да доведе до сериозни последици за безбедноста и оперативноста на бродот. Особено интересен е феноменот на гасниот меур, кој при своето движење создава привремен вакуум под бродот, што може да резултира со дополнителни механички напрегања.

Иран претставува еден од најзначајните актери кога станува збор за современата употреба на морски мини во регионот на Персискиот Залив. Според некои процени Иран има околу 5.000 – 6.000 мини, што оваа држава ја сместува на четвртото место во светот по број на морски мини после Русија, САД и Кина. Неговите капацитети вклучуваат широк спектар на мини од сопствено и странско потекло, вклучувајќи руски, кинески, севернокорејски, но и западни модели. Од сопствено потекло се истакнуваат мините „Махам 3," која користи магнетни и акустични сензори и „Махам 7" и „Манта", кои се поставуваат на морското дно. Од кинеско потекло, Иранците најмногу ги користат мините „ЕМ-11", „ЕМ-31" и „ЕМ-52 ",кои се високо технолошки развиени мини, особено „ЕМ-52", бидејќи во прашање е лансирна мина која лежи на морското дно додека не препознае брод преку акустичните сензори, па испукува ракета со голема брзина која го погодува трупот на бродот, односно експлодира во негова непосредна близина, а резултат е потопување на бродовите. „ЕМ-52" има 140 kg експлозив, а најголема длабочина на која се поставува е 110 m, „ЕМ-31" е сидрена мина со 160 kg експлозив која се поставува на длабочина од 200 m, а „ЕМ-11" е сидрена мина за помали длабочини од 5 до 30 m, која има 300 kg. Се работи за акустична и магнетна мина која дејствува на притисок.

Во однос на оперативните способности, Иран користи комбинација од подморници и мали брзи чамци за поставување на мини. Нивните подморници од класата „Кило" се особено погодни за тајно поставување на понапредни мини, додека малите пловни средства овозможуваат флексибилност и брза реакција. Сепак, постојат одредени ограничувања, како што се ограничениот број на платформи и потенцијалниот недостиг на техничко искуство, што може да влијае врз ефикасноста на операциите.

Контрамерките против морските мини претставуваат комплексен и технолошки предизвик. Тие вклучуваат комбинација од пасивни и активни методи, при што пасивните се насочени кон намалување на веројатноста за активирање на мината преку модификација на „потписот" на бродот, додека активните се фокусираат на откривање и неутрализација. Специјализираните миноловци, опремени со напредни сензори и системи за уништување, играат клучна улога во овие операции. Сепак, со развојот на нови технологии, како што се напредни сензорски системи и уреди за детекција на цели, задачата станува сè потешка.

Морските мини претставуваат високо ефективно средство за контрола на поморскиот простор, особено во стратешки чувствителните региони како што е Ормутскиот Теснец. Нивната способност да предизвикаат значителни економски и воени последици со релативно мали инвестиции ги прави клучен елемент во современите поморски стратегии. И покрај напредокот во технологијата за нивно откривање и неутрализација, тие и понатаму претставуваат сериозна закана, што укажува на потребата од континуирано унапредување на одбранбените способности и на меѓународната соработка во оваа област. ■



# Снајперска пушка „L96A1“

Британската компанија „Accuracy International“, при развојот на снајперската пушка „PM“ (воена ознака L96A1), воведе нов начин на проектирање, кој се одликува со модуларност при целосно склопување/расклопување и надградба според потребите на стрелецот, лесно одржување и замена на меѓусебни делови, а воедно поседува и голем квалитет, сигурен механизам на дејство и многу голема прецизност. Како и секоја снајперска пушка, така и основната намена на „L96A1“ и е прецизно дејство за уништување на непријателска жива сила, односно важни поединечни (неподвижни, моментни, подвижни) и маскирани живи цели на големи далечини. Според механизмот на дејствување, пушката спаѓа во класата на рачни репетирки пушки, чијшто затворач се забравува со ротирање. Основни делови на пушката„ L96A1“ се: металниот сандак со цевката (со преден и заден механички нишан), затворач, чкрапалото со неговиот механизам, алуминиумска рамка, кундак, рамката за муниција и монтажните ногарки. Сандакот во кој е сместен затворачот се изработува од едно парче челик со правоаголен облик, со помош на машинска обработка (глодање). На горниот дел од сандакот има изработено шина за прифаќање на задниот механички нишан и оптички дневен или ноќен нишан. Задниот механички нишан може да се приспособува според правец и височина. На задниот лев дел од сандакот најпрво е поставен лостот на мануелната кочница, а потоа копчето за ослободување на затворачот при расклопување. Цевката е изработена од нерѓосувачки челик и слободно „плива“, што значи дека, освен на спојот со сандакот, не е прицврстена ниту на ниеден друг дел. Внатрешно, цевката има жлебови со десен од на ротација, чиј круг се затвора на 305 mm. На предниот дел од цевката, на верзијата„L96A1 Infantry“, е поставен предниот механички нишан чија „мушичка" може да се приспособува според височина. Затворачот за забравување на предниот дел поседува 3 големи брадавици. При репетирање, рачката за репетирање се подигнува лево, нагоре, за 60 степени, а потоа се повлекува station наназад 110 mm. При оваа репетирачко дејство, стрелецот може перманентно да нишани, односно константно да ја следи целта. Чкрапалото, со неговиот механизам, се сместени во едно компактно куќиште кое се зацврстува со две навртки, а за неговата монтажа и демонтажа не е потребно расклопување на целата пушка. Кундакот на пушката е изработен од две странични половини од зајакната лиена пластика кои меѓусебно се споени на 8 позиции (со навртки и завртки), од кои 7 позиции се преку алуминиумската рамка која е поставен централно во внатрешноста. На задниот дел од кундакот може да се поставаат дополнителни 3 пластични вметнувања, со цел приспособување на должината од кундакот според потребите на стрелецот. На долниот заден дел од кундакот, внатрешно, е поставена една телескопска ногарка на склопување, што е мошне практично при долго набљудување. Инаку, благодарение на алуминиумската рамка, се обединуваат деловите од пушката во една функционална целина. На предниот долен дел од пушката, без алат може да се поставаат и да се извадат телескопски приспособливи бипод-ногарки. Ногарките можат да се издолжат за 110 mm, а нивниот зглоб на спојување овозможува движење од 10 степени налево и надесно. Пушката користи метална дворедна рамка за муниција со капацитет од 10 куршуми за муницијата 7.62x51 mm НАТО. За пушката„ L96A1“ е развиена следнава стандардна снајперска муниција: 7.62x51 mm НАТО: L2A2, L42A1, L42A2 и L42A3. Како основен оптички нишан на пушката, најпрвин се користел нишанот „Schmidt & Bender PM6x42“, а подоцна се користеле и „Schmidt & Bender PM12x42“ и „Schmidt & Bender 2½-10x56“, а потоа и други нишани. Инаку, прецизноста на оваа пушка е извонредна, односно од испукани 10 истрели на далечина од 91 m се постигнува прецизност од 0.5 MOA.

Од основната верзија PM (Precision Marksman), од првата генерација, се развиени следниве верзии, со воените ознаки: „L96A1 Long Range“ (за муницијата 300 Win Mag и 7mm Remington Mag)„„ L96A1 Counter Terrorist“(за муницијата 7.62 mm НАТО), „L96A1 Moderated“ (за муницијата 7.62 mm sub sonic НАТО, со интегриран придушувач на истрел по целата должина на цевката) и„ L96A1 Infantry“ (за муницијата 7.62 mm НАТО). Благодарение на стекнатите практични искуства со првата верзија, подоцна се развиваат повеќе нови фамилии на нови, посовремени верзии и подверзии, кои важат се сметаат за елитни. ■






## Пресек -слика на„ L96A1“

1. Индикатор за затегнат механизам на чкрапалото.
2. Оптички нишан „Schmidt & Bender PM6x42“.
3. Заден механички нишан на склопување.
4. Држач на оптичкиот нишан.
5. Ударна игла.
6. Затворач.
7. Шина на сандакот за прифаќање на држачот од оптичкиот нишан.
8. Цевка.
9. Држач за ремникот.
10. Алуминиумска рамка.
11. Рамка за муниција за 10 куршуми.
12. Лисната пружина од рамката за муниција.
13. Потиснувач на куршуми од рамката за муниција.
14. Лост за ослободување на рамката за муниција.
15. Штитник на чкрапалото.
16. Механизам на чкрапалото.
17. Чкрапало.
18. Заден ракофат.
19. Позиција за фиксирање на конструкцијата со завртка и навртка.
20. Кундак од зајакната лиена пластика.

| Тактичко-технички карактеристики на „L96A1“ | |
|---|---|
| Калибар/ муниција | 7.62 mm (7.62x51mm) НАТО |
| Должина (зависи од должината на кундакот) | од 1124 mm до 1194 mm |
| Должина на цевката | 655 mm |
| Широчина (со рачка за репетирање) | 90 mm |
| Тежина | 6.5 kg |
| Брзина на проектилот од куршумот | 850 m/s |
| Ефикасно дејство | 800 m |
| Максимален дострел на проектилот | 3.943 m |
| Капацитет на рамката за муниција | 10 куршуми |





Пишува: Ивица Дамески




# АХМАД ШАХ МАСУД



## „ЛАВОТ ОД ПАНЏШИР“

Пишува: потполковник Златко Блажески

Ахмад Шах Масуд, познат уште и како „Лавот од Панџшир“, бил ,многу почитуван и од оние кои што го поддржувале, па дури и од неговите противници, како еден од најстрашните герилски команданти од крајот на дваесеттиот век. Масуд не бил конвенционален генерал ниту, пак, формално имал завршпено воена академија. Тој бил самоук стратег, а неговото искуство на терен, моралот, интелигенцијата и политичкиот легитимитет, му овозможиле да ги победи и да надживее два многу посупериорни воени противници: советската Црвена армија и подоцна движењето „Талибанци“, поддржано од странски инвеститори. За разлика од многу бунтовнички лидери чиј углед се темели само на идеологија или на харизма, Масуд се издвојувал по неговата оперативна компетентност, организациска дисциплина и невообичаено софистицираната интеграција на воените цели. Неговите кампањи во долината Панџшир се студии за изучување на одбранбеното војување, герилската логистика и стратешкото трпение, кои денес ги проучуваат воените професионалци кои сакаат да го разберат асиметричниот конфликт.

Ахмад Шах Масуд е роден на 2 септември 1953 година во селото Џангалак, во североисточен Авганистан. Неговиот татко, Дост Мохамад Кан, служел како полковник во авганистанската армија и уште на рана возраст почнал да го запознава својот син Масуд со воената култура, со дисциплината и престижот кои се неминовен дел од службата на државата. Масуд добил релативно модерно образование според авганистанските стандарди. Течно го зборувал јазикот дари, паштунскиот јазик и француски јазик, а подоцна стекнал практично познавање на арапскиот и на англискиот јазик. Оваа интелектуална основа го издвоила од многу негови современици во авганистанскиот отпор, овозможувајќи му да има широки погледи кон светот и кон животот, да се соработува со странски дипломати и да ги артикулира стратешките визии надвор од бојното поле. Неговиот интерес за инженерските принципи ќе стане очигледен во слоевитите одбрани и тунелските системи изградени во долината Панџшир. Во 1975 година Масуд учествувал во неуспешно исламистичко востание против владата на Дауд. Востанието брзо пропаднало, принудувајќи го Масуд да оди во егзил во Пакистан. Овој ран пораз го научило Масуд на опасностите од прерана акција, несоодветна



народна поддршка и лоша координација - лекции што ќе го обликуваат неговото подоцнежно инсистирање на трпение, подготовка и легитимитет. Кога Советскиот Сојуз извршил инвазија во декември 1979 година за да го поткрепи нестабилниот режим во Авганистан, Масуд веќе имал организирано мрежи на отпор во долината Панџшир. Уште од самиот почеток Масуд го отфрлил неселективното насилство и племенскиот опортунизам, карактеристични за многу муџахедински фракции. Наместо тоа, тој се фокусира на градење дисциплина, сила, регрутирајќи борци врз основа на лојалност и компетентност, а не само врз основа на нивното потекло. Неговите единици биле организирани во мали, флексибилни формации, способни за независно дејствување, но координирани преку централизирана командна структура. Помеѓу 1980 и 1985 година, Советската армија извршила најмалку девет големи офанзиви во долината Панџшир, распоредувајќи илјадници војници, оклопни возила, артилерија и воздухопловни сили. Овие операции имале цел да ги уништат силите на Масуд и да го обезбедат виталниот автопат „Саланг" што го поврзува Северен Авганистан со Кабул. И покрај огромната материјална супериорност, Советите не успеале да постигнат траен успех. Стратегијата на Масуд се потпирала на неколку столба: длабинска и еластична одбрана, мајсторство на терен, цивилно-воена интеграција и стратешко повлекување. Овие методи предизвикувале постојани жртви, ги исцрпувале советските единици и го поткопувале моралот. До средината на 1980-тите години, советските команданти сфатиле дека Панџшир не може трајно да се смири без неодржливи трошоци. Како што напредувала војната, Масуд покажувал сè поголема софистицираност. Тој основал кампови за обука, разузнавачки ќелии, па дури и рудиментарни медицински услуги. Тој, исто така, се вклучил и во некои преговори со советските команданти, обезбедувајќи привремени прекини на огнот што му овозможиле да ја консолидира контролата и да го заштити цивилното население. Сè до моментот кога советските сили се повлекле во 1989 година, Масуд бил еден од најефективните водачи на отпорот во Авганистан, којшто стекнал многу голе-



ма почит и во земјата и во странство. Подемот на Талибанците во 1994 година означува нова фаза. Талибанците, поддржани од Пакистан и од населението коешто веќе било изморено од водење на војната, мошне брзо се прошириле. До 1996 година тие го освоиле Кабул, принудувајќи го Масуд и сојузничките водачи да се повлечат на север.

Масуд многу помогнал во формирањето на Обединетиот исламски фронт за спасение на Авганистан, попознат уште и како „Северна алијанса" и бил како главен воен стратег. На оваа алијанса. И покрај ограничените ресурси, неговите сили ја негирале целосната победа на Талибанците, одржувајќи одбранбен бастион кој подоцна ќе се покаже како одлучувачки. Кон крајот на 1990-тите, Масуд постојано ги предупредувал западните влади за растечката закана од страна на транснационалните џихадистички мрежи кои работат под заштита на Талибанците. Во 2001 година, тој се обрати пред Европскиот парламент, повикувајќи на поддршка против екстремизмот. Но, за жал, овие предупредувања во поголем дел останале незабележани. На 9 септември 2001 година, Ахмад Шах Масуд беше убиен од оперативци-припадници на терористичката организација „Ал Каеда", кои му се претставиле како новинари. Нападот го отстранил најспособниот антиталибански командант само неколку дена пред нападите во Соединетите Американски Држави.

Стилот на лидерство и филозофијата за командување на Масуд претставува мешавина од исламската етика, авганистанските културни норми и модерните воени принципи.Тој се залагал за децентрализирано извршување, овластувајќи ги подредените команданти да донесуваат тактички одлуки, а воедно да се придржуваат до стратешката намера. Овој пристап ја зголемило приспособливоста и ја намалило ранливоста кон лидерството. Масуд живеел едноставно, ги делел тешкотиите со своите борци и избегнувал фалење. Ретко користел лични чувари и честопати ги посетувал позициите на фронтот. Сето ова довело до зајакнување на лојалноста и довербата, суштински елементи во продолжениот конфликт. Кампањите на Масуд денес се изучуваат како примери за ефикасно герилско војување против супериорни сили. Тој преферирал легитимитет, дисциплина и стратешко трпение, а сето ова ќе остане како релевантен пример во современата теорија на контрабунтовништвото и отпорот.

Ахмад Шах Масуд бил повеќе од герилски командант – тој бил стратег, организатор и државник, со формирани карактеристики кои биле резултат на деценискта војна, но никогаш целосно тој не бил оптоварен со неа. Неговиот живот ги илустрира и можностите и ограничувањата на воеността лидерство во фрагментирани општества. И покрај тоа што работел без најновите предности нз една модерна држава тој, сепак, изградил отпорна сила, способна да ја обликува историјата. За воените професионалци, успесите во кариерата на Масуд претставуваат трајни лекции, а тие се: моќта на легитимитетот, важноста на теренот, разузнавање и потреба од усогласување во соработката помеѓу воената акција и политичката цел. ■



# Почетокот на крајот на Самуиловото Царство

Пишува: Борче Лозановски

Битката кај Беласица, позната и како Битката кај Клуч или Клидион, претставува еден од најзначајните и најтрагичните настани во македонската средновековна историја. Се одиграла на 29 јули 1014 година и претставувала кулминација на долгогодишната борба меѓу цар Самуил и византискиот император Василиј II. Нејзиниот исход не само што ја одредил судбината на Самуиловото Царство, туку и го променил политичкиот баланс на силите на Балканот во наредните векови.

## Долгогодишното ривалство меѓу Самуил и Василиј II

Кон крајот на X и почетокот на XI век, Самуиловото Царство претставувало една од најсилните држави на Балканскиот Полуостров. Под водство на цар Самуил, државата успешно се спротивставувала на постојаните византиски походи и со децении го одржувала својот политички и воен интегритет. Од друга страна, византискиот император Василиј II бил решен да ја уништи моќта на Самуил и повторно да воспостави целосна контрола над балканските територии. По повеќе неуспешни походи и бројни судири, во 1014 година тој презел голема офанзива со цел конечно да ја скрши отпорноста на Самуиловата држава.

## Стратешки подготовки и утврдување на преминот

Свесен за сериозноста на византиската закана, Самуил презел обемни одбранбени подготовки. Особено внимание било посветено на клисурата Клуч, која се наоѓала меѓу планините Беласица и Огражден и претставувала еден од најважните премини кон внатрешноста на државата.
На тесниот простор покрај реката Струмешница бил изграден силен одбранбен систем составен од дрвени прегради, ровови, кули и утврдувања. Во одбраната биле распоредени голем број војници кои требало да го спречат напредувањето на византиската војска. Изборот на теренот бил внимателно направен, бидејќи тесниот премин значително ја ограничувал можноста за масовен напад на противникот.

## Текот на битката и воеcivilното лукавство на Византијците

Кога византиската војска пристигнала пред утврдените позиции, Василиј



II наредил фронтален напад. Македонските бранители успешно ги одбиле првите напади и им нанеле значителни загуби на напаѓачите. Во одреден момент изгледало дека византискиот поход ќе заврши со неуспех.

Сепак, токму тогаш на сцена стапил византискиот војсководец Никифор Ксифија, стратег на Пловдив. Тој предложил ризичен, но исклучително смел маневар. Со избран одред војници тајно ја заобиколил Беласица по тешко проодни планински патеки и успеал незабележано да се приближи до задницата на македонските позиции.

На 29 јули 1014 година, додека главнината на византиската војска повторно напаѓала од фронтот, одредот на Ксифија ненадејно се појавил зад грбот на бранителите. Македонската војска се нашла во исклучително тешка положба, нападната од две страни истовремено. Изненадувањето предизвикало нарушување на борбениот поредок, а одбраната постепено се распаднала.

## Катастрофалниот пораз и спасувањето на царот

По жестоките борби, битката завршила со тежок пораз за Самуиловата војска. Голем број војници загинале или биле заробени. И самиот цар Самуил се нашол во непосредна опасност да биде фатен од непријателот.

Според историските извори, неговиот син Гаврило Радомир покажал исклучителна храброст. Тој успеал да го качи татка си на коњ и да го извлече од бојното поле, спасувајќи го од заробување. Благодарение на оваа пожртвуваност, Самуил успеал да се повлече кон внатрешноста на државата.

## Заробувањето и ослепувањето на војниците

Најтрагичниот дел од настанот следувал по завршувањето на битката. Византијците заробиле меѓу 14.000 и 15.000 војници. Со намера трајно да го скрши отпорот на Самуиловото Царство, Василиј II наредил заробениците да бидат ослепени.

Според хрониките, на секој стоти војник му било оставено по едно око за да може да ги води своите ослепени соборци назад кон Самуил. Овој суров чин останал запаметен како еден од најдраматичните примери на воена одмазда во средновековната историја и му го донел на Василиј II прекарот „Бугароубиец“ во византиската традиција.

## Смртта на Самуил и почетокот на падот на царството

Кога ослепените војници пристигнале пред Самуил, глетката оставила длабок впечаток врз веќе остарениот владетел. Според историските сведоштва, царот доживеал тежок срцев удар. Неколку недели подоцна, на 6 октомври 1014 година, тој починал.

Неговата смрт претставувала тежок удар за државата. Иако власта ја презеле Гаврило Радомир, а потоа Јован Владислав, Самуиловото Царство веќе било сериозно ослабено. Долгогодишните војни ја исцрпиле економијата, а поразот кај Беласица значително ја намалил воената моќ на државата. Во следните четири години Византија постепено ги освојувала преостанатите територии. Конечно, во 1018 година, по падот на Охрид и предавањето на последните големи воени упоришта, Самуиловото Царство престанало да постои како независна држава.

## Историското значење на битката

Битката кај Беласица претставува една од најзначајните пресвртници во средновековната историја на Македонија. Таа го означила почетокот на крајот на Самуиловото Царство и отворањето на нов период на византиска доминација на Балканот.

Истовремено, овој настан останува симбол на истрајноста, жртвата и борбата за зачувување на државноста. Храброста на бранителите кај Клуч и денес претставува важен дел од историското наследство и колективната меморија на македонскиот народ. ■







# МАКЕДОНСКОТО (КРЕСНЕНСКО) ВОСТАНИЕ ОД 1878 ГОДИНА



Пишува: проф. д-р Виолета Ачкоска

Во бранот востанија за време на Големата источна криза (1875 –1878), спаѓа и Македонското востание, иако тоа се јавува како револт против одлуките на Берлинскиот конгрес (13 јуни до 13 јули 1878 г.), на кој Македонија не доби автономија. Берлинскиот конгрес се одржал со цел да го негира руско-турскиот Санстефански договор (3 март 1878 г.), во кој Русија, преку формирање на голема бугарска држава, сакала да воспостави доминација во регионот. Со членот 23 од Берлинскиот договор за Македонија било предвидено воведување на извесна административна автономија, односно трите македонски вилаети (Скопскиот, Битолскиот и Солунскиот), административно да се групираат во одделна автономна област со внатрешно уредување во духот на Органскиот устав на островот Крит од 1868 година.

Во овој период македонското движење се пројавува како автономно и самобитно, а централна фигура бил Димитар Поп Георгиев Беровски (1840–1907), водачот на двете востанија – Разловечкото (7.5.1878 г.) и Македонското востание (од 5.10. 1878 до 2.5.1879 година).

Македонското востание е подигнато во Кресна, па заради тоа се среќава во историјата и под името Кресненско востание. Востанието претставува негација на Санстефанскиот договор, бидејќи било насочено кон создавање на македонска (а не бугарска) држава. Тоа има извонредно значење поради неговиот државотворен карактер и претставува повисока фаза во националноослободителната борба на македонскиот народ за самостојна македонска држава. Целите на оваа македонска борба јасно се изразени во Правилата на Македонскиот востанички комитет од 1878 година, каде стои: „Востанието во Македонија, кое уште сега е локално, треба да се прошири низ цела Македонија“ (чл.1); Во Востанието учествуваат луѓе од самата Македонија кои се чувствуваат како Македонци и ја сакаат слободата на својата татковина (чл. 2)“.

Востанието имало две фази. Првата била од неговиот почеток до декември 1878 годин кога доминирале внатрешните македонски востанички сили, кои му дале чист македонски карактер, на чело со војводата Стојан Карастоилов и идеологот Димитар



Поп Георгиев Беровски. Во втората фаза, која траела до средината на 1879 година, доминантна улога имале надворешните сили на чело со комитетот „Единство", чиј претставник бил рускиот Козак, атаманот Адам Калмиков, како и Полјакот, мајор Луј Војткевич. Бугарските националисти од комитетот „Единство", формиран во Велико Трново во август 1878 година, ја зеле предвид можноста од потенцијално востание во Македонија коешто би било претставено како протест против решенијата на Берлинскиот конгрес и против наводното неправилно отцепување на Македонија од Бугарија.

Заостреefната политичка и социјално-економска положба на македонското христијанско население после Разловечкото востание, особено во Североисточна Македонија, претставувало основа за почеток на кревање востание. Охрабрувачки фактор било присуството на руските војски, како и на македонски доброволци од Руско-турската и од Српско-турската војна. Така, после претходни подготовки, биле групирани четите на војводите С. Карастоилов, Т. Паласкарја, К. Кукето, К. Љутата, С. Торолинко, и во зори на 5/17 октомври 1878 година, со сила од околу 400 востаници ги нападнале османлиските трупи кај Кресненските Анови. Во оваа битка, покрај 400-тоте востаници, учествувале и неколку стотини селани од Кресна, Влахи и Оштава. По 18-часовна битка, востаниците успеале да го скршат османлискиот отпор.

По успехот кај Кресна Востанието се проширило во две насоки – по долината на Струма кон Мелник, и западно од Струма, во пределот Каршијак. Двајца од војводите продреле и подлабоко во османлиската територија. Без битка било освоено с. Оштава, а втората поголема битка се одиграла во с. Влахи, каде што победиле востаниците. Во с. Влахи бил формиран Штаб на македонските востаници. Во Штабот биле Д. Поп Георгиев Беровски, како началник, А. Калмиков како атаман на востаниците и Г. Михајлов како помошник на Штабот и касиер. За главен војвода бил прогласен С. Карастоилов.



Брзиот развој на востанието и неговиот македонски „карактер" не им оделе во прилог на бугарските интереси кон Македонија. Затоа, комитетот „Единство" правел најразлични постапки за да се преземе раководството на Востанието и да се сврти во бугарска корист. На крајот Комитеттот го организирал и убиството на војводата С. Карастоилов (на 25 ноември 1878 г.), како и на неговите другари, Г. Чолак Чепрашинов, К. Шериф, А. Захариев и други, а го затвориле и Д. Беровски. На тој начин востаниците биле деморализирани, а четите се распаднале. Востанието, всушност, претрпело целосен пораз поради мешањето и предавството на надворешни фактори, а не било задушено. На 25 мај/6 јуни 1879 година, митрополитот Натанаил Кучевишки, кој за цело времетраење на Востанието играл посредничка улога, заповедал четите да се расформираат, а пушките и муницијата да се соберат и да се склидираат. Населението било изложено на низа жестоки удари од страна на османлиската власт, при што 25.000 Македонци од Мелничко, Горноџумајско, Разлошко и од други краишта на Североисточна Македонија, барајќи спас, емигрирале во Кнежевството Бугарија.

Неуспехот на Востанието се должи на низа внатрешни слабости, раздор, неподготвеност и недоволно вооружување, но пресудна била меѓународната клима после Берлинскиот конгрес, кога „големите сили" не сакале повторно да го отворат источното прашање. Според својот карактер, ова востание може да се класифицира како општомакедонско, бидејќи ја зафатило речиси целата територија на Источна Македонија, со тенденција да се прошири и на другите делови на Македонија. Ова востание, сè до востанието од 1941 година, било најдолготрајно( било активно и офанзивно 7 месеци), при што биле ослободени повеќе од 54 населени места со над 35.000 жители, во кои подолго време функционирале органи на востаничката и цивилната власт.

Македонското (Кресненско) востание претставува почеток на националноре-волуционерната борба во која дошле до израз противречностите помеѓу бугарскиот национализам и националните интереси на македонскиот народ. Како настан има извонредно значење за македонската историја – го означува почетокот на организираното македонско националноослободително движење. ■





# „АСНОМЦИ“ ОД РАЗЛИЧНИ СВЕТОВИ, НО СО ИСТА ИДЕЈА ЗА СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА

## Владимир (Владо) Полежиноски и Кемал Аголи

Пишува: м-р Трајче Чатмов

Во големата историска слика на македонската борба за државност, некои имиња остануваат длабоко врежани во колективната меморија, а други, иако подеднакво значајни, полека се губат низ страниците на времето. Меѓу тие личности се и Владимир Полежиноски и Кемал Аголи – двајца луѓе со различно потекло, различни животни патишта и различни карактери, но обединети во една иста цел: создавање слободна и рамноправна Македонија. Нивните животи претставуваат сведоштво за сложениот мозаик на македонското антифашистичко движење, во кое учествувале Македонци, Албанци, Турци, Власи и припадници на други народности, обединети околу идејата за слобода и сопствена држава.

**Владо Полежиноски**

Владо Полежиноски – Интелектуалецот што ги пишуваше актите на АСНОМ, а заврши на Голи Оток

Меѓу „асномците“ коишто оставиле длабока трага во создавањето на современата македонска држава, посебно место има Владимир Полежиноски – човек со ретко образование за тогашните македонски прилики, доктор по правни науки од Сорбона, револуционер, антифашист и еден од луѓето што директно учествувале во подготовката на државотворните документи на АСНОМ. Во време кога мал број Македонци имале можност да студираат во Европа, Полежиноски заминал во Париз и се запишал на Правниот факултет. Во француската престолнина не бил само студент. Таму активно се вклучил во студентското демократско движење и во 1937 година станал секретар на студентското друштво во Париз. Завршил 1939 година на универзитетот Сорбона каде што и докторирал. Со тоа станал еден од ретките Македонци од тоа време со докторска титула стекната на еден од најпрестижните европски универзитети. По распадот на државата се вратил во Кичево, токму во периодот кога Кузман Јосифовски-Питу го формирал Месниот комитет на КПЈ во Кичево. Интересен детал од тој период е што Питу првично бил резервиран кон Полежиноски. Сметал дека комунистичкото движење е пред сè движење на работничката класа и дека еден интелектуалец којшто е школуван во Париз тешко може да се вклопи во револуционерната практика. Но, кичевските партизани и активисти застанале зад Полежиноски, а и самиот Питу бргу сфатил дека станува збор за искрен антифашист и убеден демократ. Така Полежиноски станал политички секретар на кичевската организација. Неговата активност не останала незабележана од италијанските окупаторски власти. Тој, заедно со повеќе свои соработници бил уапсен и затворен, а



во мај 1943 година бил префрлен во концентрациониот логор „Порто Романо“ во Албанија. Таму останал сè до капитулацијата на фашистичка Италија на 8 септември 1943 година.

По враќањето во Кичево веднаш повторно се вклучил во Народноослободителното движење, особено во периодот кога Кичево бил еден од првите ослободени градови во Македонија. Благодарение на своето образование, политичка зрелост и организациски способности, бил повикан да работи со Главниот штаб на Македонија на теренот на Дебрца. Токму тогаш започнува неговата најзначајна историска улога – подготовките за АСНОМ. Заедно со Методија Андонов-Ченто, Киро Глигоров, Михајло Апостолски и Светозар Вукмановиќ-Темпо работел на подготовка на актите и политичките документи на идната македонска држава. Подоцна, Киро Глигоров ќе запише: „Сите работевме, но Полежина имаше големо познавање и даде голем придонес во создавањето на актите на АСНОМ.“ На Првото заседание на АСНОМ бил избран за втор секретар на Президиумот – функција што јасно покажува колкава доверба имал во тогашното македонско раководство. Но, иако бил потребен во Македонија, веќе на 3 ноември 1944 година бил разрешен од функцијата и испратен на работа во НКОЈ. По војната неговата кариера продолжила во дипломатско-воените структури на новата Југославија. Во 1945 година бил дел од југословенската воена мисија во Франција, а потоа и во Германија. Во Франкфурт на Мајна бил шеф на југословенската воена мисија при Контролното собрание за Германија и бил унапреден во чин потполковник. Но, неговиот живот настанал драматичен пресврт после донесувањето на Резолуцијата на Информбирото во 1948 година. Во август истата година бил повикан на разговор кај шефот на советската воена мисија, по што бргу бил повлечен од Германија и демобилизиран од армијата. Од угледен дипломат и офицер, Полежиноски преку ноќ станал политички осомничен човек. Во јануари 1951 година, без судење и без формална пресуда, бил испратен во логорот на Голи Оток, на локалитетот „Мермер“, каде што останал до април 1954 година. Таму минал низ суровите методи на политичка „превоспитувачка“ тортура. Сето ова ќе оставило трајни последици врз многу привврзаници на Информбирото. Иако долго време бил потиснат од официјалната историографија, неговите соборци од Кичево – Борис Грујоски, Борис Алексоски-Карче, Пецо Чингоски, Драгољуб Прјоски и Илија Тополовски, со години се залагале да биде признат неговиот придонес и да ја добие наградата „Партизанската споменица 1941“.

## Кемал Аголи

Мост меѓу народите во борбата за слобода. Ако Полежиноски ја претставувал револуционерната македонска младина, тогаш Кемал Аголи бил симбол на мултиетничката димензија на македонската антифашистичка борба. Роден во средина во која се преплетувале различни култури и идентитети, Аголи уште рано разбрал дека борбата против фашизмот не е само национално, туку и човечко прашање. Во време кога окупаторите се обидувале да ги поделат луѓето по етничка и верска линија, тој се залагал за заедничка борба и за соживот меѓу народите во Македонија. По капитулацијата на Италија (8 септември 1943), стапил во партизанскиот одред на Хаџи Леши, бил политички комесар на Дебарскиот младински баталјон, потоа на Баталјонот на Првата македонско-косовска ударна бригада (формирана на 11 ноември 1943) и на Четвртата македонска албанска бригада (август 1944). Бил избран за делегат од Македонија за Второто заседание на АВНОЈ и делегат на Првото заседание на АСНОМ. Неговата политичка активност била особено значајна меѓу албанското население, каде работел на ширење на идејата дека идната Македонија треба да биде држава на рамноправни граѓани. Во услови на војна и недоверба, тоа била исклучително тешка задача. Но Аголи верувал дека антифашистичкото движење мора да создаде општество во кое сите народи ќе имаат свое место. Токму поради тоа неговото присуство во процесите поврзани со АСНОМ имало и силна симболична тежина. Тој бил меѓу луѓето што покажувале дека македонската државност не е насочена против некого, туку претставува проект за заедничка иднина. По Ослободувањето бил член на Главниот одбор на Народниот фронт на Македонија (1945) и друго. Во 1948 година, како и повеќето „асномци“ влегува во идеолошки судир со новонастанатите политички текови и бил обвинет за непријателска дејност против ФНРЈ. Уапсен е на 13 ноември 1948 година и бил затворен каде набргу и умира. Неговото име денес се споменува како дел од генерацијата која верувала дека Македонија може да опстане само како заедница на еднакви луѓе. Животните приказни на Полежиноски и Аголи покажуваат дека АСНОМ не бил само политички настан, туку кулминација на различни човечки судбини, идеи и жртви. Тоа било време кога луѓе од различни етнички, социјални и културни средини се обединиле околу една визија – Македонија да стане држава со сопствен идентитет и институции. Денес, кога историските дебати често се сведуваат на политички поделби, вреди да се потсетиме дека асномците не биле митски фигури, туку реални луѓе со свои дилеми, стравови и надежи. Полежиноски и Аголи биле дел од онаа генерација која во најтешките времиња поверувала дека иднината може да се создаде со борба, солидарност и политичка храброст. ■





# НАДЛЕЖНОСТИ НА СУБЈЕКТИТЕ НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



Пишува: потполковник Агрон Зеќири

Надлежностите во безбедноста и одбраната се спроведуваат во согласност со Уставот на Република Северна Македонија и Законот за одбрана.

Надлежностите во одбраната ги вршат Собранието, Претседателот на Републиката, Советот за безбедност, Владата, Министерството за одбрана, Армијата и другите министерства и органи на државната управа, како и граѓаните, имаат одговорности во спроведувањето и управувањето со националниот безбедносен и одбранбен систем. Законот за одбрана ги пропишува надлежностите во делот на безбедноста и одбраната.

Собрание на Република Северна Македонија

Собранието на Републиката претставува највисок законодавен орган во државата.

Врз основа на Уставот, надлежностите на Собранието се: уставотворна функција, законодавна и буџетска функција, функција за одлучување по меѓународни прашања, како и функција на политичка контрола.

Во сферата на одбраната, Собранието на Република Северна Македонија е одговорно за донесување на закони и други подзаконски акти кои се однесуваат на работата на институциите за одбрана, институциите и органите одговорни за прашања од областа на одбраната, безбедноста и разузнавањето.

Собранието усвојува и расправа за состојбата на безбедноста и меѓународната стратегиска состојба, усвојува програми за развој на одбраната, како и го усвојува годишниот буџет за безбедносните органи.

Врз основа на член 124 од Уставот на Република Северна Македонија, Собранието со двотретинско мно-



зинство од вкупниот број пратеници, по предлог на Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници, може да одлучи за прогласување на воена состојба. Воена состојба настанува кога постои непосредна воена опасност од напад врз Републиката или кога Републиката е нападната или ѝ е објавена војна.

Исто така, согласно Уставот, Собранието по предлог на Претседателот на Републиката, Владата или најмалку 30 пратеници има право да утврди постоење на вонредна состојба на територијата на Република Северна Македонија или на дел од неа. Вонредната состојба настанува при големи природни непогоди или епидемии.

Во член 17 од Законот за одбрана се предвидени и следниве надлежности на Собранието на Република Северна Македонија кои се однесуваат на одбраната и безбедноста:

– врши надзор врз остварувањето на надлежностите на Владата во одбраната и ја следи подготвеноста за одбрана на Републиката;
– утврдува постоење на непосредна воена опасност од напад врз Републиката;
– прогласува настанување и престанување на воена состојба и донесува буџет на Републиката за воена состојба;
– одлучува за висината на средствата за потребите на одбраната;
– донесува одлука за стапување во членство и за истапување на Републиката од членство од колективните системи за безбедност и одбрана;
– ратификува меѓународни договори од доменот на безбедноста и одбраната;
– донесува национална концепција за безбедност и одбрана на Републиката;
– донесува заклучоци и резолуции во врска со остварувањето на системот на одбраната, плановите за развој на одбраната, опремеността и борбената готовност на Армијата;

Собранието е надлежно за донесување одлуки за учество на Армијата во меѓународни операции надвор од територијата на Републиката. По зачленувањето во НАТО, одлука за испраќање на единици на Армијата надвор од територијата на Република Северна Македонија за учество во меѓународни операции предводени од НАТО, како и во примената на правото на индивидуална или колективна самоодбрана во согласност со ратификуваните меѓународни договори, ќе донесува Владата на Република Северна Македонија.Заради запознавање со активностите во Армијата, пратеник во Собранието може да побара од Министерството за одбрана да организира негова посета на единици, команди и штабови на Армијата. ■





# Што предизвикува постојаниот прилив на информации



Пишува: проф. Александар Грижев

**Кога мозокот никогаш не мирува**

Го земаш телефонот „само на кратко“. Проверуваш една порака, па уште една. Потоа известување, видео, вест, коментар, нова нотификација. Неколку минути подоцна, веќе не ни знаеш зошто првично си го земал телефонот.

Денес ретко сме навистина исклучени. Дури и кога одмораме, мозокот продолжува да прима информации. Секоја слободна секунда ја пополнуваме со екран, звук, содржина, известување. Навикнавме постојано да „скроламе“: не само на телефоните, туку и низ информации, задачи и мисли.

Проблемот е што мозокот не е создаден за постојан прилив на стимулации без паузa.

**Што се случува кога ќе дојде до невнимание**

Кога постојано примаме нови информации, вниманието почнува да се расцепкува. Мозокот постојано се префрла од една работа на друга. Порака, разговор, известување, задача, уште една мисла што останала „отворена“ во позадина.

На почетокот тоа не го забележуваме. Дури ни изгледа како да функционираме нормално. Но, со време, концентрацијата станува пократка. Потешко остануваме фокусирани на една работа. Полесно се нервираме. Потешко „се исклучуваме“ дури и кога сме дома или на одмор.

Не мора човек да биде физички уморен за да биде ментално исцрпен. Парадоксално, денес мозокот ретко добива вистински одмор. Телото мирува, но вниманието продолжува да работи.

**Проблемот не е само телефонот**

Лесно е целата вина да се префрли на технологијата. Но, проблемот не е само телефонот, ниту социјалните мрежи сами по себе. Проблемот е што мозокот речиси никогаш нема пауза од информации.

Порано, чекањето значеше тишина. Денес и неколку секунди без стимул ни изгледаат „празни“. Веднаш

проверуваме нешто. Скроламе без конкретна причина. Бараме нова содржина, иако мозокот веќе е преоптоварен.

Со време, вниманието почнува да функционира поинаку. Сè потешко поднесуваме мир, тишина и фокус на само една работа. Мозокот се навикнува постојано да очекува нешто ново.

**Постојана достапност**

Во воена средина, постојаната достапност уште повеќе доаѓа до израз. Групи за комуникација, пораки, известувања, координации, информации што постојано пристигнуваат. На тој начин се создава чувство дека секогаш мора нешто да следиме и да бидеме достапни.

Границата меѓу работното време и приватното време станува сè понејасна. Телото е дома, но вниманието останува „на задача". Дури и кратко известување може повторно да го врати мозокот во работен режим.

Со тек на време ова создава чувство дека мозокот е постојано „вклучен". Не драматично, не секогаш видливо, но доволно за мозокот никогаш целосно да не се опушти.

**Кога мозокот е постојано преоптоварен**

Една од најчестите последици е чувството дека вниманието е „насекаде". Почнуваш една работа, па те прекинува друга. Одговараш на порака додека размислуваш за нешто трето. Формално гледано, работиш повеќе работи одеднаш. Во реалноста, мозокот постојано се префрла од едно на друго. Токму затоа режимот на multitasking често создава повеќе замор отколку продуктивност.

Кога вниманието е насочено кон повеќе страни,  во тој случај расте и менталниот замор. Луѓето стануваат понервозни потешко се концентрираат и имаат помалку трпение. Често не можат ни точно да објаснат зошто се чувствуваат уморно, бидејќи проблемот не е во една голема работа, туку во стотина мали работи што мозокот ги обработува во текот на денот.

**Мозокот има потреба од тишина**

На мозокот не му треба постојано уште една информација. Понекогаш



му треба пауза од сите информации. Како и да е, тоа не значи целосно да се откажеме од технологијата, ниту да живееме без телефони. Но, тоа значи свесно да создадеме атмосфера во која нашето внимание нема ништо да го одвлекува и ќе можеме да се концентрираме: неколку минути без „скролање", без известувања, без да имаме потреба веднаш да провериме нешто.

Во тие кратки периоди, вниманието почнува повторно да се стабилизира. Мозокот добива простор да „дише". А токму тоа денес им недостасува на многу луѓе.

**Контролата почнува од вниманието**

Денес, ние не сме само во трка со времето, туку имаме потреба и за внимание. Секојдневно нешто се обидува да ни го одземе вниманието, понекогаш тоа се некои известувања, содржини, пораки, информации кои постојано пристигнуваат и ни го одземаат вниманието. Проблемот не е во денешната технологија, туку во тоа што лесно дозволуваме таа постојано да ни го одзема вниманието, бидејќи вниманието е ограничен ресурс. Колку повеќе го насочуваме кон повеќе страни, толку потешко остануваме фокусирани, смирени и ментално присутни во она што го правиме.

За крај, од сето горенаведено, можеме да дојдеме до заклучок дека, не е важно дали ние, всушност, ќе ја користиме модерната технологија и информации, најважно е дали ние ќе управуваме со нашето внимание, или, пак, ќе дозволиме нешто сосем друго да ни го одвлекува вниманието. ■





# ВОЕНИТЕ МЕДИЦИНАРИ – ХУМАНИТАРНИ СПАСУВАЧИ ПРИ ПРИРОДНИ КАТАСТРОФИ

Пишува: Станка Петкова

Кога земјата се тресе, водата носи сè пред себе или пламенот „проголтува“ цели населби, првите часови после катастрофата се од пресудно значење. Во тие моменти, покрај цивилните служби и хуманитарните организации, на терен честопати пристигнуваат и воени медицинари кои се обучени за работа при катастрофи предизвикани од природата. Тие се обучени да работат и во екстремни услови и се подготвени да спасуваат животи далеку од „комфорот на болничките ѕидови“. Иако нивната примарна улога е поврзана со вооружените конфликти, при природни катастрофи тие сè почесто се појавуваат како први хуманитарни спасувачи.

## Од бојното поле до зоната на катастрофи

Искуството кое е стекнато во воени услови се покажува како непроценливо при природни катастрофи како земјотреси, поплави, урагани и пожари. Воените медицинари се обучени да делуваат брзо, со ограничени ресурси, под постојан притисок и во средини каде што инфраструктурата е целосно уништена. Токму тоа се условите што ги карактеризираат и природните катастрофи.

„Разликата е само во причината за повредите – принципите на спасување се исти“, велат медицинарите кои учествувале и во воени мисии и во хуманитарни интервенции. Тријажа, стабилизација на пациентите, контрола на крварењето и спречувањето на инфекции остануваат да бидат основните приоритети.

## Брза мобилизација и организација

Една од најголемите предности на воените медицински тимови е нивната способност за брза мобилизација. Во рок од неколку часа тие можат да бидат распоредени илјадници километри од своите бази, носејќи со себе мобилни полски болници, медицинска опрема и логистичка поддршка.

После некои разорни земјотреси како, на пример, оние во Хаити, во Турција или во Непал, токму воените медицински единици биле меѓу првите што воспоставиле функционални медицински центри. Во услови каде што локалните болници се оштетени или целосно

уништени, овие мобилни капацитети стануваат единствено место за итна медицинска помош за илјадници луѓе.

## Медицина без униформа

Иако доаѓаат во униформа, воените медицинари во хуманитарни мисии работат според принципите на медицинска неутралност. Тие ги лекуваат сите, без разлика на националност, вероисповед или социјален статус. При катастрофи, разграничувањето војници-цивили брзо исчезнува – тие се само луѓе на кои им е потребна помош.

Посебен акцент се става на најранливите категории: деца, стари лица, лица со попреченост и хронично болни. Освен третман на акутни повреди, воените медицинари честопати обезбедуваат и основна здравствена заштита – вакцинација, третман на инфекции и грижа за бремени жени.

## Психолошка поддршка во моменти на траума

Природните катастрофи не оставаат само физички последици. Загубата на домот, на блиски луѓе и на чувството на сигурност, оставаат длабоки психолошки рани. Воените медицински тимови сè почесто вклучуваат и психолози и психијатри, обучени за работа при трауматски случувања.

Искуството од воени конфликти им овозможува да препознаат симптоми на акутен стрес и посттрауматски реакции уште во најраната фаза. Кратките интервенции, разговорите и чувството дека некој е присутен со цел да помогне, можат значително да влијаат врз долгорочното ментално здравје на преживеаните.



## Логистика и самостојност

За разлика од многу цивилни тимови, воените медицинари доаѓаат со сопствена логистика. Генераторите, системите за прочистување вода, шатори, комуникациска опрема и транспортните средства, овозможуваат тимовите да функционираат автономно во средини каде што државните системи се парализирани.

Оваа самостојност е особено важна во првите денови после катастрофата, кога локалните ресурси се најоптоварени. Наместо да бидат товар, воените медицински мисии претставуваат поддршка за цели заедници.

## Соработка со цивилните и со хуманитарни те организации

Иако војската располага со значајни капацитети, современите хуманитарни интервенции се темелат на соработка. Воените медицинари работат рамо до рамо со локалните лекари, со Црвениот крст, со т.н. „Лекари без граници“ и со агенциите на Обединетите нации. Оваа соработка овозможува подобра координација, избегнување на дуплирање на напорите и поефикасно користење на ресурсите. Најчесто воените тимови се тие коишто помагаат при итни интервенции, а потоа постепено интервенциите ги преземаат цивилните здравствени служби.

## Етички предизвици и перцепција

Присуството на воени сили за време на хуманитарни мисии понекогаш предизвикува сомнежи и политички контроверзии. Сепак, медицинската улога на воените тимови честопати придонесува за градење доверба меѓу населението и институциите.

„Кога некој ќе ти го спаси животот, не прашуваш од каде доаѓа“, вели еден жител на подрачје кое е погодено од катастрофа и којшто бил лекуван во мобилна воена болница.

## Униформата во служба на спасување животи

Денес природните катастрофи стануваат сè почеста појава и имаат голема разорна моќ. Улогата на воените медицинари како хуманитарни спасувачи добива ново значење. Нивната обука, дисциплина и способност за работа во екстремни услови прават тие да бидат мошне значаен дел од глобалниот систем за одговор при катастрофи.

Иако носат униформи кои се дизајнирани за воени услови, за време на овие мисии тие се вооружени со нешто многу помоќно, а тоа е знаење, солидарност и желба да спасат човечки живот. Во моментите кога природата го покажува своето сурово „лице“, токму тие се оние коишто нè потсетуваат дека хуманоста е најсилната „алка во синџирот“. ■






# Видеоиграта „ARMA 3“, најкомплексната тактичка воена симулација

Пишува: м-р Трајче Чатмов

Во ерата на брзи акциони игри со кинематографско пукање, само малку наслови успеале да изградат толку посветена и лојална заедница како што е видеоиграта „Arma 3“. Играта е развиена од „Bohemia Interactive“. Оваа воена симулација не е наменета за играчи кои бараат лесна и брза забава, туку за оние коишто сакаат реални игри, тактичко размислување и чувство дека се дел од вистинска воена операција. Дејството на играта се одвива на замислените медитерански острови Алтис и Стратис. Оваа игра нуди огромен отворен свет во кој секој судир може да стане непредвид-



лив. Наместо класичниот пристап „трчај и пукај“, играта „Arma 3“ бара трпение, координација и внимателно планирање. Играчот мора да размислува како вистински војник – да ја користи конфигурацијата на теренот, да комуницира со тимот и да води сметка за логистиката и муницијата. Она што ја издвојува играта од останатите воени наслови е нејзината неверојатна реалност. Балистиката, движењето на возилата, временските услови и далечината на нишанење се обработени со голема прецизност. Во „Arma 3“, само една грешка може да значи крај на мисијата, а токму тоа создава силна тензија и чувство на автентичност. Визуелно, играта и денес изгледа импресивно, особено ако се земе предвид дека е објавена уште во 2013 година. Пространите пејзажи, деталните воени бази и богатата флора создаваат атмосфера што често потсетува на вистински воени снимки. Особено силен впечаток оставаат ноќните мисии, каде што користењето на опрема за ноќно гледање и координацијата меѓу членовите на единицата стануваат клучни за успех. Кампањата нуди солидна приказна со геополитички елементи и современи воени конфликти, но вистинската сила на играта лежи во мултиплеерот и модинг-заедницата. Иљадници корисннички модификации овозможуваат нови оружја, возила, армии и цели сценарија инспирирани од реални конфликти. Благодарение на ова, „Arma 3“ опстојала со години и постојано добива нова содржина. Сепак, играта не е без недостатоци. Нејзината комплексност може да биде обесхрабрувачка за новите играчи. Контролите се бројни, а учењето на механиката бара време и трпение. Дополнително, за целосно уживање во оваа видеоигра е потребен подобар компјутер, особено при големи мултиплеер битки. Но, токму во таа комплексност лежи и нејзината вредност.



„Arma 3“ не се обидува да биде лесна и комерцијална акција – таа е симулација што сака да му овозможи на играчот чувство дека се наоѓа на вистинско бојно поле. За љубителите на воениот реализам, тактички операции и тимска игра, ова е едно од најдобрите искуства што може да се најдат во светот на видеоигрите. „Arma 3“ е врвна воена симулација која и по повеќе од една деценија од нејзиното создавање останала да биде репер за тактички реализам во гејминг-индустријата и слободно може да ја оцениме со оценка 9/10. ■





# Стрелецот мора да остане „тивок“ во себе под притисок

Пишува: Станка Петкова

Стрелаштвото е спорт кој бара исклучителна прецизност, висока концентрација и психолошка стабилност. Во оваа дисциплина секој милиметар и секоја секунда имаат свое значење, а успехот е резултат на совршената усогласеност меѓу техниката, смиреноста и контролата на дишењето. Токму овие квалитети ги демонстрираа припадниците на Армијата на Интернационалниот отворен турнир „Гран-при Скопје 2026“, кој се одржа на стрелиштето „Камник“. Натпреварот собра врвни стрелци од земјата и регионот, овозможувајќи им на учесниците да ги одмерат своите способности во неколку од најатрактивните стрелачки дисциплини во Европа. Армиските претставници настапија во дисциплините гаѓање со пиштол на 25 метри, гаѓање со пушка на 100 метри и гаѓање со снајперска тактичка полуавтоматска пушка на 200 метри. Со својата подготвеност, дисциплина и професионален пристап, тие покажаа високо ниво на обученост и остварија забележителни резултати.

Дел од армискиот тим беше и потпоручникот Сара Димоска, која со својата посветеност, професионалност и натпреварувачки дух достојно ја претставуваше Армијата и даде значаен придонес во успешниот настап на екипата.

На прашањето колку подготовки биле потребни за настап на „Гран-при Скопје 2026“, ппор. Сара Димоска истакна дека подготовките биле континуирани и опфатиле редовни тренинзи. Таа нагласи дека, покрај усовршувањето на техниката на гаѓање, посебно внимание било посветено и на психолошката стабилност и концентрацијата. Непосредно пред натпреварот се одржувале петдневни интензивни тренинзи, што, според неа, претставува солидна подготовка. Во иднина, за вакви натпревари, таа истакна дека ќе се посвети дополнително внимание на подолги и поинтензивни подготовки со цел постигнување на уште подобри резултати.

**Штит: Во која дисциплина се натпреварувавте и колку таа дисциплина претставува предизвик?**

Годинава се натпреварував во дисциплините пиштол на 25 метри, каде што освоив сребрен медал во екипен пласман, и во дисциплината малокалибарска пушка со механички нишани на 100 метри, во која го освоив третото место. Секоја дисциплина има свои специфики и бара различни техники, но заедничко за сите е високо ниво на концентрација, стабилна положба и способност за одржување на прецизноста во текот на целиот настап. Во дисциплината пиштол на 25 метри имав дополнителен предизвик бидејќи, покрај поединечниот настап, се натпреварував и екипно како дел од женската екипа што ја

претставуваше Армијата. Екипниот настап носи дополнителна одговорност, бидејќи не се борите само за својот резултат, туку и за успехот на целиот тим. Свесноста дека и другите членови на екипата зависат од вашиот настап создава одреден притисок, но воедно претставува и силна мотивација да го дадете својот максимум и достоинствено да ја претставите екипата. Минатата година, додека сè уште бев питомец на Воената академија, за првпат учествував на натпревар од ваков тип, каде што освоив трето место во дисциплината пиштол 25 метри, а настапив и во дисциплината војничка пушка на 100 метри, во која освоив златен медал. Покрај претходно наведеното, во оваа дисциплина е потребна и добра физичка подготвеност, бидејќи ставот за гаѓање е лежечки од рака, односно пушката ја држиме во рака и немаме помошна потпирка. Тоа бара издржливост, контрола на телото и способност да се задржи стабилноста и покрај заморот, со цел секој истрел да биде што попрецизен.



**Штит: Колку психолошката стабилност и концентрацијата се важни во спортското стрелаштво?**

Во спортското стрелаштво психолошката стабилност и концентрацијата се клучни, често подеднакво важни. Секој истрел бара целосна контрола на мислата, дишењето и телото во многу краток временски интервал. Дури и минимална ментална дистракција може да влијае врз стабилноста на ставот, фината моторика и, на крајот, врз резултатот. Затоа, стрелецот мора да остане „тивок“ во себе – без разлика дали станува збор за притисок од натпреварот, претходен лош истрел или други надворешни услови. Концентрацијата во стрелаштво не е континуирана напнатост, туку способност да се влезе во кратки, повторливи фази на целосен фокус. Во тие моменти, вниманието е стеснето само на процесот на изведба – став, нишанење, контрола на дишењето и повлекување на чкрапалото. Психолошката стабилност, пак, ја обезбедува конзистентноста. Таа е она што му дозволува на стрелецот да го повторува истиот квалитет на изведба и по добар и по слаб истрел, без да дозволи емоциите да ја нарушат следната акција. Во суштина, стрелаштвото е спорт во кој победува не само оној што најпрецизно гаѓа, туку и оној што најдобро управува со сопствениот ум под притисок.




**Штит: Што значи за Вас да ја претставувате Армијата на ваков меѓународен турнир?**

Да ја претставувам Армијата на меѓународен натпревар за мене значи голема одговорност и доверба. Тоа е начин да ја покажам професионалноста, дисциплината и нивото на подготовка што стои зад униформата, но и лична мотивација да дадам максимум и да придонесам за угледот на институцијата што ја претставувам.

**Штит: Колку е важно присуството на жените во вакви дисциплини и дали интересот расте?**

Присуството на жени во овие дисциплини е многу важно затоа што носи поголема разновидност, конкуренција и квалитет во спортот. Интересот јасно расте и сè вклучуваат жени, што придонесува за повисоко ниво и поголема препознатливост на стрелаштвото како дисциплина.

**Штит: Што е најважно за еден добар стрелец – прецизноста, смиреноста или дисциплината?**

Сите три елементи заедно го градат врвниот стрелец. Без дисциплина нема конзистентност, без смиреност нема контрола под притисок, а без прецизност нема резултат. Според мене, сепак, прецизноста е на прво место, затоа што таа најмногу зависи од природната надареност и моторика, додека смиреноста и дисциплината полесно се развиваат преку тренинг и искуство.

**Штит: Каква порака би им испратиле на младите девојки кои сакаат да се занимаваат со спортско стрелаштво?**

Би им порачала да бидат храбри и да не се двоумат да започнат. Стрелаштвото бара трпение и посветеност, но со редовен тренинг и верба во себе, резултатите сигурно доаѓаат. Најважно е да уживаат во процесот и да не се откажуваат при првите предизвици. ■

*Мојот најголем предизвик е да останам доследна во настапите и постојано да го подобрувам справувањето со тремата на натпреварите. Целта ми е да постигнувам врвни резултати и да продолжам со освојување медали и на домашната и на меѓународната сцена.*



# „ТИВКИОТ ДОН“ – ЕПСКА ПРИКАЗНА ЗА ЉУБОВТА, ЗА ВОЈНАТА И ЗА СУДБИНАТА

Пишува: Станка Петкова

Романот „Тивкиот Дон“ е едно од најзначајните дела во светската литература кое ја прикажува трагедијата и храброста на обичните луѓе во време на историски превирања. Тоа е приказна за љубовта, семејството, војната и судбината, која го одразува животот на Козаците во Русија за време на Првата светска војна, Црвената револуција и Граѓанската војна.

Михаил Шолохов, авторот на романот, е роден во 1905 година во малото село Вешенска, во Русија. Тој е руски писател кој се прославил со својата реалистична и длабоко емотивна проза. Шолохов, во својот роман „Тивкиот Дон“, кој ја истражувал драмата на поединецот и на колективот во време на големи историски промени, со голема мајсторија ги прикажува обичаите, животот и страдањата на козачкиотнарод. Романот ја следи судбината на Григориј Мелехов, млад Козак којшто се соочува со љубовта, семејните обврски и со војната. Шолохов детално ги опишува селските обичаи, секојдневието на народот и конфликтите што ги предизвикуваат историските промени. Преку животот на Григориј и неговото семејство, читателот ја чувствува суровоста на времето, но и силата на љубовта, храброста и човечноста. „Тивкиот Дон“ е многу повеќе од еден обичен роман за војната – тоа е приказна за луѓето, за нивните надежи и стравови, за вечната борба за љубов и слобода. Денес, делото на Шолохов продолжува да инспирира читатели од целиот свет и се изучува како класика на руската и во светската литература. За ова значајно дело, Шолохов е добитник и на Нобелова награда за литература. Романот се смета за еден од најголемите руски епски романи на 20 век. „Тивкиот Дон“ не е само приказна за војната и за политика, туку и за човечноста, за верноста и за храброста, особини кои опстојале дури и во најтешките времиња. И до ден-денес романот претставува инспирација за читателите од целиот свет и се изучува во многу училишта и универзитети. ■












# КАРЛ ТАЈКЕ

## МУЗИЧАРОТ ЧИЈА МУЗИКА ЈА НАДЖИВЕА СВОЈАТА ЕРА

Пишува: Станка Петкова

Карл Тајке (1864–1922) е германски композитор чија музика остави силна трага во светската оркестарска традиција. Родољубив, музички талентиран и посветен на својата уметност, Тој најмногу се прослави со маршевите што ги создал додека служел како воен музичар, но неговото влијание и денес се чувствува далеку надвор од воените кружоци.

Како млад го развил својот интерес за музика, со посебен фокус на свирање на рог. Тоа го одвело кон воената служба, каде бил ангажиран како музичар во 123-ти (5-ти Вюртембершки) гренадирски полк, што му дало можност да создала и изведува маршеви и други воени композиции.

Во времето кога Европа била поделена на мали кралства и држави со силни воени традиции, маршевите биле срж на воената култура – симбол на дисциплина, заедништво и храброст. Токму во овој контекст се родил најпознатиот марш на Тајке: „Alte Kameraden" – на македонски „Стари другари".

Овој марш брзо се проширил низ Германија, а потоа и низ другите европски земји. Со својот ведар ритам, мелодична структура и чувство за динамика, „Alte Kameraden" станал омилен на воени паради, манифестации, оркестарски концерти, па дури и на граѓански фестивали. Музички познавачи и денес го сметаат за еден од најрепрезентативните маршеви на класичниот оркестарски репертоар.

Но музичката вредност на Тајке не се ограничува само на еден наслов. Неговите композиции, честопати инспирирани од животот во полк и сложените чувства на припадност и пријателство, ги рефлектираат емоциите на едно време кога музиката имала важна улога како во воените, така и во мирнодопските културни средини.

Музичките историчари ја истакнуваат способноста на Тајке да создава мелодии што се едноставни, но длабоко човечки – такви што веднаш допираат до слушателот. Токму ова го направи „Alte Kameraden" повеќе од воен марш: тој стана музички симбол на пријателството, сеќавањето и трајните вредности што ги споделуваат луѓето каде и да живеат.

Иако поминале повеќе од сто години од неговата смрт, музиката на Карл Тајке продолжува да се изведува и денес – на оркестарските сцени, на паради, во филмски и телевизиски продукции, како и на многу музички записи низ светот. Неговото наследство е доказ дека силната музичка идеја може да надживее време, граници и историски промени.

Карл Тајке бил композитор кој ја покажал силата на музиката да поврзе луѓе – не само како дел од воени ритуали, туку како вечна музика што зборува за чувствата што ги делиме сите ние. ■







# „The Tank“ (2025)

## Суров поглед на човечката душа преку војната

Филмот „The Tank“ (во оригинал Der Tiger), е германски воен драмски филм кој премиерно беше прикажан во 2025 година и наскоро стана меѓународен хит после своето глобално лансирање на „Amazon Prime Video“, на почетокот на 2026 година. Овој филм, исто така познат под оригиналниот наслов „Der Tiger“, се одликува со интензивна приказна што ја сместува акцијата на Источниот фронт за време на Втората светска војна.

Режија на филмот е Денис Гансел, кој со своето сценарио, заедно со Колин Тиван, создава реалистична и напната атмосфера за група од пет германски војници и нивниот тенк „Tiger“ , испратени на тајна и опасна мисија зад непријателските линии во 1943 година. Тие не само што се борат со вонредно опасниот терен и со непријателот, туку постепено се соочуваат и со сопствените стравови, умор и ментални притисоци, што ја претвора нивната мисија во вистинско патување низ „срцето на мракот“. Филмот е познат по својата клаустрофобична и психолошка длабочина – приказната не ни дава само борби на фронтот, туку и комплексни моменти на сомнеж, очај и храброст кај луѓето опкружени со хаосот на војната. Критичарите го пофалија филмот за искреното и сурово прикажување на воената реалност од германска перспектива, што е навистина необично во современите филмски приказни за време на Втората светска војна.

Главните улоги ги толкуваат актерите Дејвид Шьетер и Лоренц Руп, кои поддржуваат драматични и човечки приказни на својот тим во тенкот, прикажувајќи како војната не ги менува само нивните тела, туку и умот и совеста.

Откако започна да се прикажува на стриминг-платформите на почетокот на 2026 година, „The Tank“ стана најгледан оригинален германски филм на „Prime Video“, достигнувајќи високи позиции на листите за гледаност во голем број земји.

Со силни емотивни сцени, внимателно пронајдена режија и храбар пристап кон приказната за војничката психа, „The Tank“ е повеќе од класичен воен филм – тој е интимно истражување на човековата издржливост и на моралните дилеми кои произлегуваат од најтемните страни на конфликтот. ■

**Жанр: Воен, акција, драма и трилер, Режија: Dennis Gansel, Сценарио: Dennis Gansel и Colin Teevan**
**Продукција: „Amazon MGM Studios“ , „Pantaleon Films“, Музика: Heiko Maile,**
**Целосна должина: Околу 1 час и 56 минути (116 минути), Јазик: Германски, Земја на потекло: Германија,**
**Локации на снимање: снимањето се одвивало во Прага, Чешка Република, Главни улоги: David Schütter, Laurence Rupp , Leonard Kunz како Хелмут**

Пишува: Станка Петкова









# **Дон Мек-Кулин –** фотографот што ја прикажа вистинската цена на војната

Британскиот воен фоторепортер Don McCullin се смета за еден од најголемите фотографи на 20 век, човек што преку својот објектив ја прикажал суровата реалност на војната. Роден е 1935 година во Лондон. Тој израснал во сиромаштија, а токму тешкото детство подоцна влијаело врз неговиот силен интерес за човечките страдања. Се стекнал со светска слава известувајќи од конфликтите на Блискиот Исток и од војните во Виетнам, во Кипар и во Африка. Неговите фотографии ја покажуваат најмрачната страна на војната – стравот, гладот, смртта и очајот на цивилите и кај војниците. Особено познати се неговите фотографии направени од војната во Виетнам. На тие фотографии тој успеал да долови моменти исполнети со болка и неизвесност. Наместо сцени на херојство, Мек-Калин фотографирал луѓе кои биле буквално скршени од ужасите на конфликтите, а преку тие фотографии тој оставил зад себе силни антивоени пораки. Во текот на својата кариера како воен фотограф, повеќепати бил ранет и се соочил со смртна опасност, но никогаш не престанал да известува од фронтот. Денес неговата работа се смета за една од најзначајните сведоштва за војните на модерното време. Фотографиите на Дон Мек-Калин не се само новинарски записи – тие се потсетник на трагедијата што ја носи секоја војна. ■



Пишува: м-р Трајче Чатмов



Васил Чакаларов (Смрдеш, 1874 – Бел Камен, 9 јули 1913) – македонски револуционер, член и војвода на Македонската револуционерна организација.